***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП***

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник | Број 7 | |
| на Општина Штип | 25 мај 2011 година | ГОДИНА XLVIII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


150.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА
ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2011 година.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3618/2 — Општина Штип
25 мај 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

151.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 4 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА
# ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
# ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Штип за 2011 година и тоа на следниот начин:

| Потпрограма потставка | | буџет | самоф. | донации | дотации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕОО | **Општинска администрација** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485420 | Надомест за одземен имот | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3618/1
20 мај 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

152.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА
# И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ
# ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општина Штип за 2011 година.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3619/2
25 мај 2011 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

д-р Зоран Алексов, с. р.

153.

Врз основа на член 14 став 8 и член 34 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11) и член 21 став 12 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општина Штип за 2011 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 14/10) се врши следната измена и дополнување:

Во **точката 2.3.3**, во алинеја 5, бројот „3.000.000 денари“ се менува со бројот „1.500.000 денари“.

Во **точката 2.3.3.** по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

- „Реконструкција на улица „Сутјеска“-„Сремски фронт“ 1.500.000,00 денари“.

Член 2

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3619/1
20 мај 2011 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

154.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2011 година.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3620/2 — Општина Штип
25 мај 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

155.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 124/10 и 18/11) и член 5 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичката обработка на плановите и за начинот и постапката за донесувањето на просторните и урбанистички планови („Службен весник на РМ“ број 78/06) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип (“Службен гласник на Општина Штип “ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА
УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2011 година („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/10) се дополнува со:

**Точка 12-1**. Изработка на ДУП за Бања „Кежовица”.

М=1:1000
П=2,5ха

Член 2

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3620/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

156.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УРЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВОН ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ГРАД ШТИП И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ШТИП СО ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

I

Се објавува Одлуката за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат на град Штип и населените места во Општина Штип со локална урбанистичка планска документација.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3621/2
25 мај 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

157.

Врз основа на член 50-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 04/10, 124/10 и 181/11) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/0, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одражна на 20 мај 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УРЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВОН ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ГРАД ШТИП И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ШТИП СО ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат со локална урбанистичка планска документација **може** да изврши подносителот на иницијатива:

- **ДПТ Луна комерц дооел** од Штип, за одредување на локација за месна – кланична индустрија и магацин на КП број 45/2, КО Три Чешми.

Член 2

Подносителот на иницијативата од член 1 од оваа Одлука, може да отпочне со изготвување локална урбанистичка планска документација и истата да ја достави до надлежниот орган на одобрување.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3621/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

158.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УРЕДУВАЊЕ И
КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВОН ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ГРАД ШТИП
И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ШТИП СО
ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

I

Се објавува Одлуката за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат на град Штип и населените места во Општина Штип со локална урбанистичка планска документација.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3622/2
25 мај 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

159.

Врз основа на член 50-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 151/07, 91/09, 04/10, 124/10 и 18/11) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/0, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одражна на 20 мај 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УРЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ СО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ
НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ВОН ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ГРАД ШТИП
И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ШТИП СО
ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат со локална урбанистичка планска документација **може** да изврши подносителот на иницијатива:

- **И.З. ЕУРО-ЛОЗАР**-Митевски Станче Гоце од Суво Грло, за одредување на локација за повеќенаменски објект на КП бр.422, КО Степанци-Суво Грло, м.в. Дузмеш-Турче Поле.

Член 2

Подносителот на иницијативата од член 1 од оваа Одлука, може да отпочне со изготвување локална урбанистичка планска документација и истата да ја достави до надлежниот орган на одобрување.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3622/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

160.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за Штипско културно лето 2011 година.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3623/2
25 мај 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

161.

Во врска со член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), а врз основа на член 46 и 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО
2011 ГОДИНА

I

Се донесува Програмата за Штипско културно лето 2011 година, со следните **заклучоци**:

- Советот дава можност да се направи промена во Програмата, доколку од оправдани причини се откаже некоја од предвидените програмски содржини.
- Висината на финансиските средства за реализација на Штипско културно лето 2011 година изнесува до 800.000,00 денари.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3623/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

162.

П Р О Г Р А М А
ЗА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО
2011 ГОДИНА

| ред. бр. | име на проектот | носител | место на одржување | термин на одржување | буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Концерт Oboe 4 strings - 3 city project Полска | Владимир Лазаревски | Безистен | | 55.000 |
| 2. | Музички перформанс - Звуци во тишината | Игор Иванов | арх.лок Баргала | | 30.000 |
| 3. | Камерен концерт трио „СЕМАНА“ Бугарија | Владимир Лазаревски | Безистен | | 35.000 |
| 4. | Концерт Гудачки квартет „МАРИЈА“ | Пламенка Трајковска | Сцена НУЦК | | 40.000 |
| 5. | Концерт Music Progresiv Quartet | Владимир Лазаревски | Безистен | | 35.000 |
| 6. | Концерт на класична гитара Тања Јанкова | Тања Јанкова | Безистен | | 7.000 |
| 7. | Претстава за деца L`ora felice -Marlen Pizzo, Италија | Марија Баток | Народен театар | | 45.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Театарска претстава за деца „Зоки Поки“ | „Детски театар“ Битола | Народен театар | | 35.500 |
| 9. | Промоција на стихозбирка на млад автор Анастасија Петрова | Драгица Петрова | НУ-Библиотека | | 5000 |
| 10. | Солистички концерт Виолета Вучкова-Арсовска | | Безистен | | 8000 |
| 11. | Поетски триптихон М.Андонов, Ј.Минова и Р.Стојков | ЛК„ Искра“ | НУ-Библиотека | | 5.700 |
| 12. | Театарска претст.-премиера „Фортинбранс е пијан“-комедија | НУЦК „А.Шопов“ | Дом на култура | | 25.000 |
| 13. | Театарска претстава „Ленче Кумановче“ | ЗП Куманово | Дом на култура | 17.јун | 15.000 |
| 14. | Победничката претстава од „В.Чернодрински“ | | | | 80.000 |
| 15. | Театарска претстава - комедија | Србија,Врање | | | |
| 16. | Театарска претстава | Србија,Врање | | | |
| 17. | Ликовна изложба | Србија,Врање | Фоаје Дом на култура | | |
| 18. | Ликовна изложба | Србија, Врање | Безистен | | |
| 19. | Книжевен портрет | Србија, Врање | Дом на култура | | |
| 20. | Концерт на традиционална музика | Србија, Врање | Дом на култура | | |
| 21. | Концерт MOOGER FOOGER | Дом на млади | Дом на млади | | 0 |
| 22. | Поетски хепенинг | Дом на млади | Дом на млади | | 0 |
| 23. | Концерт ВАСИЛ ХАЏИМАНОВ БЕНД Србија | Дом на млади | Дом на малди | | 0 |
| 24. | Концерт JOKE Франција | Дом на млади | Дом на млади | | 0 |
| 25. | Концерт ET&WHATEVER | Дом на млади | Дом на млади | | 0 |
| 26. | Поп фест 2011 - фестивал за деца и млади | Дом на млади | Дом на млади | | 0 |
| 27. | Штипска музичка разгледница | Дом на млади | Дом на млади | | 0 |
| 28. | Теат.прет.за деца „Бети на село“ | НУЦК „А.Шопов“ | Народен театар | | 20.000 |
| 29. | Целовечерен концерт КУД „Ристо Донев“ | НУЦК „А.Шопов“ | дом на култура | | 10.000 |
| 30. | Денови на современ хрватски филм | ЗХРНМ | | | 30.000 |
| 31. | Промоција на книги на Х.Крстевски | НУ-Б/Завод и Музеј | | | 6000 |
| 32. | Промоција на книга Марија Димкова | НУ-Б „Г.Делчев“ | | | 8000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 33. | Изложба на фотографии ШКЛ 2011 | | | | |
| 34. | Концерт-Трио Аревски/Мирасчиева/Роглев | | | | 10.000 |
| | ПЕЧАТЕН МАТЕРИЈАЛ /ПРОГРАМИ/ПОКАНИ/ПЛАКАТИ | | | | 58.000 |
| | ТОПОЛ КУЛТУРЕН БРАН- ПРОГРАМИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | | | | |
| | | | | | 563.200 |

163.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА КОИ МОЖАТ ДА СЕ ИСТАКНУВААТ ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на местата на кои можат да се истакнуваат изборни плакати.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3624/2 — Општина Штип
25 мај 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

164.

Врз основа на член 78 став 5 од Изборниот законик („Службен весник на РМ“ број 54/2011-пречистен текст), член 100 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 03/99-пречистен текст, 04/02 и 11/10) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен

гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА КОИ МОЖАТ
ДА СЕ ИСТАКНУВААТ ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на местата на кои можат да се истакнуваат изборни плакати („Службен гласник на Општина Штип“ број 09/06), членот 1 се менува и гласи:

„Изборни плакати без надоместок можат да се истакнуваат на следните места:

1. Преминот кај старата пошта
2. Потпорен ѕид на улица Гоце Делчев од левата и десната страна
3. На премините помеѓу влезовите од пешачката зона Безистен до ул. Ванчо Прке
4. На потпорниот ѕид на улица Козјак Планина (спроти автосервисите) што води кон Клиничката болница
5. На улица Христијан Карпош на столбовите пред зградата лево од влезот на Полицијата
6. Оградните ѕидови на Градскиот стадион спроти Ученички дом
7. Оградните ѕидови на Градскиот стадион спроти новата пошта
8. На преминот на улица Партизанска (подвозникот)
9. На ѕидовите од подвозникот на влезот во населбата Три Чешми
10. На потпорниот ѕид на улица Анте Банина
11. На столбовите и ѕидовите по зградата на улица Борис Кидрич (зграда Промаја)
12. Во населба Пребег на столбовите од колективните станбени згради
13. На потпорниот ѕид над трафостаницата кај Текстилното училиште на улица „Вита поп Јорданова“ кај куќен број 49
14. Потпорен ѕид на улица „Панче Караѓозов“ од десната страна.

Член 2

Во член 2 ставот 2 се менува и гласи:

„Местата за истакнување плакати, одделението ќе ги подели по пат на ждрепка. Ждрепката ќе се изврши по објавување на утврдените листи на кандидати од страна на надлежната изборна комисија.“

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Извлечениот број на ждрепката значи дека подносителот на листата може да лепи изборни плакати на тој број на сите локации од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Во член 3 се додава став 2 кој гласи:

Одобрение за истакнување изборни плакати без надоместок донесува градоначалникот на Општина Штип.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3624/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

165.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП КОИ ЌЕ ПРИСУСТВУВААТ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ

I

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување членови на Советот на Општина Штип кои ќе присуствуваат при склучување на бракови.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3625/2
25 мај 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

166.

Во врска со член 27 став 1 од Законот за семејството („Службен весник на РМ“ број 157/08-пречистен текст, 67/10 и 156/10), а врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ
ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП КОИ ЌЕ ПРИСУСТВУВААТ
ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ

Член 1

Во Одлуката за определување членови на Советот на Општина Штип кои ќе присуствуват при склучување на бракови („Службен гласник на Општина Штип“ број 06/09 и 06/10) членот 1 се менува и гласи:

„За присуство при склучување на бракови во Општина Штип, **се определуваат** членовите на Советот на Општина Штип:

1. **Нако Наков**
2. **Ѓорги Бојаџиев**
3. **Зоран Костовски**
4. **Димитар Ефремов**
5. **Билјана Казанџиска**“.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3625/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

167.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ДОМ НА МЛАДИ - ШТИП
ЗА 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишна сметка на Дом на млади -Штип за 2010 година.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-3626/2 | Општина Штип |
| 25 мај 2011 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р. |

168.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ДОМ НА МЛАДИ - ШТИП ЗА
2010 ГОДИНА

I

Се усвојува Годишната сметка на Дом на млади - Штип за 2010 година, со следниот **заклучок**:

- На наредната седница на Совет, директорот на Фестивалот на забавни мелодии „Макфест“ – Штип – Трајче Јованов, да поднесе сублимиран извештај за доделените средства од 3.000.000,00 денари за „Макфест 2010“, прецизиран по ставки за потрошените средства од 1.500.000,00 денари од Дом на млади – Штип и 1.500.000,00 денари од Здружението на граѓани „Макфест Штип“ – Штип.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3626/1 Совет на Општина Штип
20 мај 2011 година Претседател
Ш т и п Сузана Николовска, с. р.

169.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ
НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД
БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
25-ТОТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ „МАКФЕСТ 2010“

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за потрошени средства од буџетот на Општина Штип за реализација на 25-тото издание на фестивалот „Макфест 2010“.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3627/2 Општина Штип
25 мај 2011 година Градоначалник
Ш т и п д-р Зоран Алексов, с. р.

170.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11) и Одлуката за финансирање на фестивал на забавни мелодии „Макфест“-Штип („Службен гласник на Општина Штип “ број 10/10), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА
ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА
25-ТОТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ „МАКФЕСТ 2010“

I

Се усвојува Извештајот за потрошени средства од буџетот на Општина Штип за реализација на 25-тото издание на фестивалот „Макфест 2010“.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3627/1
20 мај 2011 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

171.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011-2015 ГОДИНА
СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локална стратегија за млади на Општина Штип за 2011-2015 година со Акционен план за 2011 година.

II

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3628/2
25 мај 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

172.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 мај 2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011-2015 ГОДИНА
СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА

I

Се донесува Локална стратегија за млади на Општина Штип за 2011-2015 година, со Акционен план за 2011 година.

II

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-3628/1 — Совет на Општина Штип
20 мај 2011 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

173.

ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2011-2015 ГОДИНА
СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА

## В О В Е Д

### „Локална младинска стратегија –
### – координиран одговор на потребите на младите во Штип”

Младите во Општина Штип, сочинуваат околу ¼ или нешто помалку од 25% (11.223 на возраст од 15 – 29 години и околу 1.000 на возраст од 30 години) од вкупниот број на населението во општината.[1] Сепак, иако сочинуваат толку голем број од вкупната популација, не се таргетирани со посебен план за подобрување на нивната состојба, иако НСМ постои како документ уште од крајот на 2005 година. Не благодарно е да се каже дека младите не се земаат предвид при креирање на било

[1] Според „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година“, 11.223 жители се на возраст од 15-29 години, од вкупно 47.796 жители на Општина. Штип.

која стратегија во Општината, но сепак, мора да се признае дека тоа се прави од проста причина што младите се корисници на одредени стратегии од различни области (пример – образование, вработување), па и одредени нивни мислења не треба да бидат изоставени.

Делот со вклучување на младите во креирање на стратегиите, како и вклучување во процесите на донесување на други одлуки кои се од нивен интерес е сепак занемарен, што не смее да се дозволи во општина која покрај тоа што по бројот на жители е една од поголемите во Македонија, на некој начин е и своевиден центар на индустријата, образованието и културата во Источна Македонија.

За да се надмине тој недостиг, и младите да го добијат заслуженото место и признание дека токму тие се движечката сила и основата за развој на нашата заедница, како и во секое општество, Општина Штип, во соработка со Младински Образовен Форум – Скопје (МОФ – Скопје), во текот на 2007 година започна да работи на развивање на Стратегија за млади на О. Штип. За жал, процесот не беше завршен според планираното...

Затоа, во текот на мај-јуни 2008 година, Младинската организација ВОДА плус – Штип во соработка со Младински Клуб – Штип ја покренаа иницијативата за обновување на процесот и завршување на Стратегијата. Општината ја поддржа иницијативата и заради итноста на потребата поддржана со алармантните резултати од анкетното истражување за проблемите на младите спроведено помеѓу 1340 млади од Штип од страна на претходно споменатите организации, решено е веднаш да се започне со спроведување на процесот за креирање на Локална стратегија за млади на О. Штип со цел да се одредат конкретни решенија за приоритетните проблеми на младите во Општината. За таа цел, по разгледување на можностите и заклучокот дека за креирање на стратегијата не се потребни големи средства во колку се има добра волја и желба за работа, кон крајот на 2008 година, беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Општина Штип и Младински Клуб – Штип со кој беше одредено Општината да учествува со логистичка поддршка на процесот, додека М-Клуб ќе го фацилитира истиот.

Во периодот од октомври 2008 до март 2009 година беа одржани две (2) работилници за млади за презентација на НСМ со дискусии за состојбите на локално ниво, одржана е и една (1) јавна презентација на резултатите од истражувањето за проблемите на младите кога беа дадени генерални насоки за решавање на приоритетните проблеми според она како младите се изјасниле при анкетирањето, две (2) средби на засегнати страни и осум (8) работилници за дефинирање на конкретни стратегии за решавање на проблемите на младите според приоритетните области одредени со НСМ. И овој процес беше прекинат поради очекувањето на локалните избори со идеја да се продолжи по завршувањето на изборите и обновување на соработката со локалните власти.

Соработката со Општина Штип, конкретно за процесот на креирање на ЛСМ, беше воспоставена при крајот на 2009 година, кога Општина Штип потпиша Меморандум за соработка со Коалицијата на младински организации СЕГА за спроведување на проектот „Локални младински стратегии" што се реализираше во 10 општини во Р. Македонија (Штип, Радовиш, Свети Николе, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Прилеп, Тетово, Кисела Вода и Илинден) во периодот од 1. јануари до 31. декември 2010 година со поддршка од Агенција за млади и спорт на РМ, програмата „ЦИВИЦА Мобилитас" (во имплементација на Центарот за Институционален Развој),

Општина Штип (и останатите вклучени општини) и Коалиција СЕГА. Процесот во Општина Штип беше фацилитиран од Младински Клуб – Штип, организација членка на Коалицијата СЕГА.

Во рамки на проектот беа спроведени низа активности со цел креирање на петгодишна стратегија за млади: беа формирани две тела – Координативно тело и Работна група за креирање на ЛСМ кои одржаа повеќе состаноци за планирање на процесот и конкретно планирање на Стратегијата; истражување на проблемите и потребите на младите во О. Штип преку: одржување на една (1) работилница за фокус група заради давање насоки за дизајнирање на соодветен анкетен прашалник за О. Штип; спроведување на анкетирање на 97 млади на возраст од 15 – 29 годишна возраст; анализа на резултатите од анкетирањето во која беа вклучени и податоци од 4 спроведени интервјуа со претставници од Центарот за социјална работа, Универзитетот „Гоце Делчев", Локалната Самоуправа и средно училиште; и одржување на уште една (1) фокус група заради потврдување на наодите од истражувањето.

По спроведеното истражување и одржани средби со КТ и РГ заради презентација на резултатите од истражувањето, беше спроведен процес за планирање на соодветни решенија за идентификуваните проблеми, односно, процесот на планирање на Локалната стратегија за млади на О. Штип за периодот 2011 – 2015 година, преку 8 работилници на Работната група во проширен состав при што беа испланирани главните стратегии за првата година (2011). Во процесот се вклучија млади и претставници од различни институции (образовни и други кои работат со и за младите), граѓански организации, како и членови од Советот на млади на Општина Штип (формиран во текот на 2009 година).

Процесот е осмислен на ваков начин со цел да се изработи реална и остварлива стратегија и да се овозможат услови за нејзина имплементација, преку градење на мрежа од соработници и здружување на капацитети и ресурси, бидејќи само на тој начин ќе им се овозможи на младите од Штип да се развиваат и да учат, да учествуваат во одлучувањето на локално ниво по прашања што ги засегаат, да се образуваат, да се вработуваат, да креираат и да бидат корисни како за самите себе, така и за целата заедница.

## АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### „МЛАДИТЕ ВО Општина ШТИП..."

...сочинуваат скоро една четвртина од целата популација, што значи дека претставуваат околу половина од работоспособното население кое е „одговорно" за егзистенцијата на оваа општина; останатите млади се оние кои се „одговорни" за свежи идеи и ја поседуваат енергијата да го менуваат светот!

Дали младите во Штип ги имаат соодветните услови за развој и дали го искористуваат својот капацитет до максимум? Што младите во Штип имаат, со какви услови располагаат и дали се тие доволни за да можат тие да се изразат во целост и на тој начин да го подобрат својот и животот на сите во нашата заедница?

„Согласно досегашната историска, социјална, политичка и етичка практика на македонското општество, а во отсуство на меѓународно призната дефиниција, под терминот „млади" во Р. Македонија се подразбира посебна социо-етичка категорија на население на возраст од 15 – 24 години, која е особено ранлива на социо-економските промени во општеството, и која претставува основен ресурс за развој,

носејќи ја критичната мисла и порив на промени и иден напредок на општеството. Имајќи ги предвид последиците од социо-економската криза во РМ која го оневозможува процесот на развој на една активна и одговорна индивидуа (пролонгирано време на едукација, неможност да се најде работа, неможност да се заснова семејство, економска зависност од родителите или немање на економска и оттука лична независност), секоја сериозна акција или програма за млади треба да ги земе предвид и лицата од 24 – 30 години, со цел ублажување или отстранување на пречките кои стојат пред нивниот развој како индивидуи и одговорни граѓани на македонското општество."[2]

Соодветно со препораката од НСМ, целната група на ЛСМ – Штип се младите од Штип на возраст од 15 – 30 години (кои сочинуваат нешто помалку од ¼ од вкупниот број на населението во општината).

При анализирање на состојбата за О. Штип, и креирање на Стратегијата земени се предвид[3]:

- примарно – Анализата на состојбата во О. Штип од спроведеното истражување во периодот април-јуни 2010 во рамки на проектот за „Креирање на локални младински стратегии" имплементиран од страна на Коалицијата СЕГА и Општина Штип;
- Анализа на проблемите и потребите на младите од Штип од анкетното истражување меѓу 1340 млади спроведено во периодот јуни-август 2008 год. од страна на М.О. ВОДА плус – Штип во соработка со Младински Клуб – Штип;
- Фокус група за истражување и утврдување на проблемите и недостатоците кои ја засегаат младата популација, реализирана во 2009 година од страна на Фондацијата за развој на локалната заедница во рамки на проектот „Младите за отворено општество – Локални младински иницијативи";
- Анкетирање за количеството на време кое средношколската младина го поминува пред компјутер спроведено во 2010 година од страна на Советот на млади на О. Штип;
- Резултатите од процесот за креирање на ЛСМ (работилници и јавни расправи) спроведен во 2008-2009;
- Препораки од форумските сесии и работилници спроведени во рамки на Форумот на млади на О. Штип во 2009-2010 година;
- Други документи на О. Штип (планови и стратегии) кои ги вклучуваат младите како целна група или имплементатори на активности.

Покрај тоа, разгледана е и фактичката состојба од аспект на можности за вклучување на младите во различните области и младите како корисници:

- **Образование**
    - Во Општина Штип постојат четири (4) државни средни училишта: СОУ „Коле Нехтенин", СОУ „Димитар Мирасчиев", СОУ „Јане Сандански" и СОУ „Славчо Стојменски" каде се опфатени вкупно 2701 ученик, како и едно (1) приватно средно музичко училиште и една (1) истурена паралелка од Средното Исламско училиште „Иса Бег Медреса" – Скопје.
    - Во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип функционираат 13 факултети (економски, правен, земјоделски, информатика, педагошки, природно технички науки, музичка уметност, медицински, електротехнички, филолошки, туризам и бизнис логистика, машински,

[2] Извадок од Национална Стратегија за Млади на РМ.
[3] Во прилог на Стратегијата се ставени некои од анализите од спомнатите истражувања во овој дел.

технолошко технички), од кои 4 не се лоцирани во градот Штип. На УГД „Гоце Делчев" – Штип моментно студираат околу 13.000 студенти..

- Делумно, младите се опфатени со неформално образование преку активностите на граѓанскиот сектор, но не постојат прецизни податоци за точниот број на програми, кои и не се спроведуваат редовно или континуирано, ниту точна бројка за опфатот на млади со истите. Активни младински организации кои работат на територијата на Општина Штип се: Младински Клуб – Штип, ФРЛЗ – Штип („Актив на млади"), ВОДА плус – Штип, Здружение на мултиетничко општество за човекови права – Штип, а и во рамките на средните училишта работат – со различен интензитет на спроведување на активности во секое – средношколски организации.

- **Култура и забава**
  - Најголем дел од младите во Штип (повеќе од половината – 60% – според анкетното истражување од 2010г.), своето слободно време најчесто го поминуваат со друштво по кафулиња и гледање телевизија, додека многу мал дел (10%) – на културни активности, или на пр. на волонтирање во младински и други организации (10%).
  - Младите во Штип демонстрираат ниско ниво на културна комуникација (не само од аспект на градење на културни вредности и вкус за уметност како публика и креатори на уметност, но, многу повеќе од аспект на културно однесување и изграденост на личноста).
  - Културни настани и манифестации се организираат во доволен број во Штип: покрај различните програми кои културните институции редовно ги реализираат (театарски претстави, литературни читања, промоции на книги, изложби и сл.), постојат и неколку манифестации кои традиционално се организираат секоја година, како на пример „Штипско Културно Лето" (О. Штип), „Макфест" – Фестивал на забавни мелодии (О. Штип и Центар за култура), Џез фестивал, Денови на поезијата (Дом на млади) и други. Клучно прашање е – дали младите се информираат на соодветен начин за овие настани, а секундарно, но исто толку значајно – како младите се мотивираат да ги посетуваат овие настани?
  - Во Штип постојат неколку институции кои работат во областа на културата: Центарот за култура „Ацо Шопов" – Штип (во рамки на кој работат Домот на културата и Народниот театар), Националната Библиотека Установа „Гоце Делчев" – Штип, Национална установа Завод за заштита на спомениците и Музеј – Штип и Национална установа Дом на млади – Штип, од кои повеќето имаат на располагање различни објекти и локации кои се користат за организирање на различни настани. Истите нудат различни содржини, додека трендот на посетеност на тие настани од страна на младите кој се чини дека можеби во последните неколку години е за нијанса зголемен, сепак не е на задоволително ниво. Дополнително, постојат и здруженија кои се занимаваат со промоција на културата, литературата и уметноста, како на пр. Литературниот клуб „Искра", Капсула Култура и други.

- Во градот Штип има доволен број на места за забава (кафе барови, ноќни клубови и дискотеки), но истите не нудат разнолика понуда за дружење и социјализација од една страна, а од друга – произлегува дека веројатно придонесуваат кон несоодветно однесување на младите и креирање на навики кои не се здрави.

o **Спорт и рекреација**

- Според анализата на анкетирањето од 2010г., спортските активности (кои се застапени со само 14%) се втората опција со која младите го пополнуваат своето слободно време, со тоа што девојките во поголем број од машките го поминуваат слободното време во кафулиња и во гледање на телевизија, додека машките многу почесто своето слободно време го поминуваат во спортски активности.
- Во Штип нема услови за професионално занимавање со спорт, од аспект на капацитетите на спортските клубови за вклучување на сите оние млади кои се заинтересирани и трошоците на секој поединец за занимавање со спортови. Во Штип функционираат десетина спортски клубови (за борење, кошарка, фудбал, ракомет... за мажи и жени). Исто така, во Штип функционира и Друштво за планинарски спортови – Планинарското друштво „Лисец".
- Општина Штип ги поддржува спортските клубови и издвојува средства за реализација на нивни активности.
- Во О. Штип има многу спортски објекти и терени каде младите може рекреативно да се бават со различни спортови: спортски сали во основните и средните училишта (скоро сите училишта имаат затворени сали, како и игралишта на отворено); Салата на Универзитетот „Гоце Делчев"; Градскиот стадион (под ингеренции на ЛС на О. Штип и ФК Брегалница); Пинг-понг сала; Отворен базен кој работи во лето (приватно); Тениски игралишта (приватно); Арена „Џексон" (приватно игралиште); Теретани и фитнес сали (приватни). Иако поголем дел од досега наброените објекти не се во приватна сопственост, сепак за еден голем дел од нив, користењето се наплаќа, што можеби дополнително го ограничува интересот за рекреирање со спортски активности кај младите. Се чини дека бесплатни за користење се единствено маалските (повеќенаменски) игралишта, но истите не се одржувани редовно и не се во употреба во зимскиот период.
- Масовните спортови не се практикуваат во Штип.

o **Здравство**

- На здравјето на младите треба да се обрати посебно и должно внимание, особено и поради фактот дека самите млади (според истражувањата) ги сметаат за најголеми и најприоритетни за решавање проблемите од оваа област: зависностите од алкохол, дроги и пушење. Во контекст, би требало да се спомне и растечкиот проблем на користење на Интернет од страна на младите, а коешто се' уште не се идентификува како „зависност" кај нас. (Во контекст, технологијата може и да е позитивна до одреден степен, но очигледно е дека негативно

влијае врз нормалниот развој на младите кои почнуваат да живеат во „нереален" свет на фејсбук, социјализацијата во голема мерка е пренесена на Интернет – ФБ, скѕпе, мсн – со исклучок на времето за „чаршија" – пред и по училиште – „на кафе"...)

- Во Штип има голем број на здравствени институции (јавни и приватни) кои имаат капацитет да ги опфатат сите млади, но недостигаат бесплатни СОС линии за одредени проблеми, сервиси за бесплатни совети, како и можности за бесплатни медицински услуги. Мал број на здруженија нудат вакви услуги за млади (Младински Клуб – Штип работи на Програма за намалување на штети од злоупотреба на дроги кај интравенски корисници, а исто така, спроведува и Доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ, кои се дел од Националната програма на Министерството за здравство), додека повеќето ЗГи кои работат во областа здравство спроведуваат информативни и едукативни активности во насока на превентивно делување.

- **Квалитет на живеење**
  - Сите млади немаат исти услови за развој и социјализација во општеството. Во текот на процесот на креирање на ЛСМ издвоивме три (3) посебни групи на маргинализирани млади на кои сметаме дека им е потребна поддршка за зголемено учество: млади со посебни потреби, млади од рурални средини и млади Роми.
  - Нема многу институции кои ги згрижуваат младите со посебни потреби и нивниот капацитет е ограничен. Всушност, постојат две такви установи: Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра" и Дневниот центар за деца со посебни потреби при Центарот за социјална работа – Штип; со оглед на капацитетот и можностите, се чини дека ова не е доволно за опслужување на потребите на град со голем број на жители. Дополнителен проблем е што младите со посебни потреби имаат многу малку можности за социјализација со останатите млади.
  - Најголем проблем за младите од руралните средини е нивната ограничена можност за користење на истите услуги и можности кои ги имаат на располагање младите од градот...
  - За подобрување на животот на Ромите, во рамки на Декадата за инклузија на Ромите, се прави многу на национално ниво. Дури и ЛС на Општина Штип помага на локално ниво, а постојат и повеќе ЗГи кои работат на решавање на проблемите на Ромите. Сепак, проблемите од типот на злоупотребата на дроги (главно инхаланти) меѓу децата Роми, питачењето, земањето замав на сивата економија и сл., налагаат и во оваа стратегија да обратиме дополнително внимание на проблемите и потребите и на младите Роми.

Секако дека приоритетите издвоени во оваа стратегија не ги опфаќаат сите сегменти на живеење на младите. Сепак, со оглед на тоа дека многу области се опфатени со – дури и примарна – дејност на некои од институциите во Општината, и според препораките од сите спроведени истражувања и спроведени процеси, оваа стратегија ќе биде реална и остварлива и ќе влијае кон подобрување на општата

состојба на младите во Штип во колку се концентрира на само неколку клучни области/приоритети.

## К Р А Т О К   П Р Е Г Л Е Д

### „Локалната стратегија за млади на Општина Штип на кратко"

Процесот за креирање на Локалната стратегија за млади на Општина Штип за 2011 – 2015 год. е финализиран во рамки на проектот на Коалицијата на младински организации СЕГА „Креирање на локални младински стратегии" во периодот од јануари до декември 2010 година, во чијашто реализација, покрај други девет општини, се вклучи и Општина Штип. При креирањето на ЛСМ беа земени предвид и резултатите од претходно спроведениот – но не и завршен процес – за креирање на ЛСМ од страна на Општина Штип и Младински Клуб – Штип. Оваа организација, како организација-членка на Коалицијата СЕГА се вклучи и при фацилитирањето на ЛСМ 2011 – 2015.

Целна група на ЛСМ на О. Штип 2011 – 2015 се младите на возраст од 15 – 30 години, која е во согласност со дефиницијата за млади од Националната стратегија за млади на РМ.

Локалната стратегија за млади на Општина Штип за периодот 2011 – 2015 година се стреми кон подобрување на животот на младите во Штип, со визија дека „младите во Општина Штип се здрави, креативни, вредни и среќни луѓе, кои се основната движечка сила на сите позитивни промени во Општината."

При земање предвид на повеќе истражувања за проблемите и потребите на младите во Штип, Стратегијата се концентрира на неколку приоритетни области, кои се разгледувани и низ призмата на осумте приоритетни области утврдени со НСМ:

1- култура

2- квалитет на живеење – спорт,

3- квалитет на живеење – маргинализирани млади, и

4- здравство и превенција – пораст во појавата на зависности меѓу младите.

Во рамки на Стратегијата, понудени се различни предлози и можности за решенија на главните проблеми во рамки на овие четири приоритети, како и разработен план што се предлага да се реализира во текот на првата, 2011 година.

Главните цели по сите приоритети се однесуваат на активно вклучување на сите засегнати страни заради подобрување на општата положба на младите во Штип преку решавање на нивните приоритетни проблеми и вклучување на младите во процесите на одлучување за прашања кои нив ги засегаат.

Локалната стратегија за млади на Општина Штип е составена врз основа на повеќе истражувања, и средби за планирање и пишување на истата – процес во кој се вклучија повеќе од 500 лица[4], претставници од различни институции и организации и многу, многу млади.

## Ц Е Л НА СТРАТЕГИЈАТА

---

[4] Во оваа бројка се вклучени и учесниците во активностите за истражување на состојбите спроведени во 2010 година (анкетирање, фокус групи).

**„Подобрување на животот на младите во Општина Штип."**

**Визија:**
***Младите во Општина Штип се здрави, креативни, вредни и среќни луѓе. Тие се основната движечка сила на сите позитивни промени во општината.***

**Мисија:**
***Активно вклучување на сите засегнати страни заради подобрување на општата положба на младите во Штип преку решавање на нивните приоритетни проблеми и вклучување на младите во процесите на одлучување за прашања кои нив ги засегаат.***

**Приоритетни области** на делување во периодот од следните пет години во О. Штип:

- култура,
- квалитет на живеење – спорт,
- квалитет на живеење – маргинализирани млади, и
- здравство и превенција – пораст во појавата на зависности меѓу младите.

## П Р И О Р И Т Е Т И

### 1. Приоритет КУЛТУРА

1. Цел на приоритетот: **Да се допринесе во процесот на културно изградување на младите преку нивно активно вклучување како креатори и консументи на културата во Штип.**
   1.1. Специфична цел 1: **Да се придонесе кон зголемување на информираноста на младите.**
      1.1.1. Стратегија 1: Воспоставување на систем за подобрување на информирањето на младите во рамки на образовните институции;
      1.1.2. Стратегија 2: Спроведување на активности за искористување на сите расположливи медиуми (печатени и електронски) на најсоодветен начин за да се осигури дека пораките и информациите ќе стигнат до целната публика – млади.

   1.2. Специфична цел 2: **Да се поттикне учеството на младите во креирање на културата.**

1.2.1. Стратегија 1: Воспоставување и реализирање на Програми за волонтери во институциите што работат во областа на културата во Штип;
1.2.2. Стратегија 2: Обезбедување поддршка на формални и неформални младински групи за реализација на културни иницијативи.

1.3. Специфична цел 3: **Да се овозможат услови за дополнителна мотивација на слободно изразување на креативните потенцијали на младите.**
1.3.1. Стратегија 1: Обезбедување и уредување на соодветен простор (физички простор)/место за развивање на креативните потенцијали на младите;
1.3.2. Стратегија 2: Охрабрување на младите за слободно изразување на креативноста преку редовно распишување на конкурси од областа на уметноста и обезбедување на стипендија за талентиран ученик за поддршка на неговото/нејзиното понатамошно изградување на годишно ниво.

1.4. Специфична цел 4: **Интегрирање на културните и уметничките вредности помеѓу младите луѓе.**
1.4.1. Стратегија 1: Воспоставување на тесна соработка помеѓу културните и образовните институции со цел овозможување на подобар пристап на младите до креаторите на културата на локално ниво.
1.4.2. Стратегија 2: Градење на културните вредности кај младите преку превземање на соодветни акции во рамки на образовните институции почнувајќи уште од најмала возраст.
1.4.3. Стратегија 3: Покренување на иницијатива за организирање на кино премиери.
1.4.4. Стратегија 4: Покренување на иницијатива за сеопфатно опфаќање на темата „етичко и културно однесување” во рамки на одделенските часови во основните и средните училишта.

## Приоритет 2. КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ – СПОРТ

**2.** Цел на приоритетот: **Да се обезбедат услови за масовна вклученост на младите од Штип во спортско-рекреативни активности.**
2.1. Специфична цел 1: **Да се подобрат условите за спорт и рекреација за младите.**
2.1.1. Стратегија 1: Реновирање на постоечки спортски капацитети (сали во училиштата, игралишта на отворено/маалски игралишта);
2.1.2. Стратегија 2: Рестартирање на стрелиштата;
2.1.3. Стратегија 3: Изградба на нови објекти/локации (скејт-парк, трим патеки, затворен базен, велосипедска патека, куглана...)

2.2. Специфична цел 2: **Да се поттикнат младите за вклучување во спортски активности.**
2.2.1. Стратегија 1: Организирање на настани или турнири од масовен карактер кои ќе бидат популарни (пр: „сите на ролери”, „tour’ de Shtip”);
2.2.2. Стратегија 2: Регрутација на што повеќе млади во постојните спортски клубови;

2.2.3. Стратегија 3: Поттикнување на натпреварувачкиот дух кај младите (пр. организирање на натпревари, доделување на награди и стипендија на годишно ниво, и сл).

2.3. Специфична цел 3: **Остварување на ефикасна соработка помеѓу спортските работници, бизнис секторот и локалната власт во насока на зајакнување на капацитетите за поддршка на активно занимавање на младите со спорт.**

2.3.1. Стратегија 1: Воспоставување на редовна комуникација меѓу засегнатите страни;

2.3.2. Стратегија 2: Организирање на локални настани за прибирање на средства.

## Приоритет 3. КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ - - МАРГИНАЛИЗИРАНИ МЛАДИ

**3.** Цел на приоритетот: **Да се поддржи процесот на вклопување и социјализирање на маргинализираните групи млади[5] во општеството.**

3.1. Специфична цел 1: **Да се подигне свеста на јавноста за потребите на маргинализираните млади и намалување на стигматизацијата и/или игнорантскиот однос кон нив.**

3.1.1. Стратегија 1: Спроведување на кампањи за информирање на граѓаните за животот на маргинализираните млади и нивните потреби;

3.1.2. Стратегија 2: Организирање на забавни настани за целата млада популација со посебно внимание на обезбедување на присуство и на маргинализираните млади заради пружање на дополнителна можност за нивна социјализација;

3.1.3. Стратегија 3: Вклучување на маргинализираните млади во активности за одбележување на посебни датуми (домашни и меѓународни, како на пр. 12ти Август – Светскиот ден на младите), како учесници, но и како организатори на одредени активности.

3.2. Специфична цел 2: **Да се обезбеди поддршка на младите со посебни потреби во нивното надградување и социјализација.**

3.2.1. Стратегија 1: Спроведување на истражување за проблемите и потребите на младите со посебни потреби и планирање на активности за подобрување на нивниот живот;

3.2.2. Стратегија 2: Спроведување на волонтерска програма за помош при совладување на вештини и знаења за млади со посебни потреби преку спроведување на домашни посети во нивните семејства;

3.2.3. Стратегија 3: Воспоставување на традиција за одбележување на 3ти Декември – Денот на лицата со хендикеп преку спроведување на координирана акција во која ќе се вклучат сите засегнати страни во Општината (институции, младински организации, други здруженија на граѓани, семејства на лица со посебни потреби, лица со посебни потреби);

---

[5] Во групата „маргинализирани млади“ за Штип се земени предвид следните 3 категории: млади од рурални средини, млади Роми и млади со посебни потреби.

3.2.4. Организирање на посети заради заеднички активности од страна на ученици – средношколци во центрите за згрижување на деца и млади со посебни потреби по различни поводи.

3.3. Специфична цел 3: **Да се овозможат приближно еднакви услови за младите од руралните средини за социјализација, културно изградување, спорт и рекреација.**

3.3.1. Стратегија 1: Спроведување на истражување за проблемите и потребите на младите од руралните средини и планирање на активности за подобрување на нивниот живот;

3.3.2. Стратегија 2: Покренување на иницијатива за организирање на редовен и достапен (од финансиски аспект) јавен превоз;

3.3.3. Стратегија 3: Запознавање на младите од градот со убавините на селските средини преку редовно организирање на осмислени посети од страна на младите од руралните средини;

3.3.4. Стратегија 4: Организирање на културни, едукативни и информативни настани за млади во руралните средини.

3.4. Специфична цел 4: **Спроведување на активности за подобрување на животот на младите Роми во О. Штип.**

3.4.1. Стратегија 1: Спроведување на истражување за проблемите и потребите на младите Роми;

3.4.2. Стратегија 2: Развивање на Акционен план за подобрување на аспектите од животот на младите Роми во Штип согласно со приоритетните критични области регистрирани преку истражувањето;

3.4.3. Стратегија 3: Спроведување на конкретни активности предвидени со Акциониот план.

## Приоритет 4. ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА - - ПОРАСТ ВО ПОЈАВАТА НА ЗАВИСНОСТИ

**4.** Цел на приоритетот: **Да се влијае кон подигање на свеста на младите за создавање на здрави животни навики, особено преку ставање акцент на штетните последици од користење на алкохол, дрога и цигари.**

4.1. Специфична цел 1: **Да се влијае кон подигање на свеста на младите за штетните последици од алкохолот, пушењето и дрогата со цел превенција од создавање на нови зависници.**

4.1.1. Стратегија 1: Спроведување на превентивни програми – едукација за превенција на болестите на зависност – во рамки на училиштата;

4.1.2. Стратегија 2: Спроведување на кампањи за поддршка на имплементација на закони насочени кон превенција на девијантните појави;

4.1.3. Стратегија 3: Остварување на соработка со локалните медиуми заради намалено емитување на реклами, филмови и спотови за цигари и алкохол.

4.2. Специфична цел 2: **Да се иницира процес за создавање на здрави животни навики меѓу младите (преку промоција на мотото „во здраво тело – здрав дух”).**
   4.2.1. Стратегија 1: Организирање и спроведување на локални кампањи/проекти и активности за промоција на здрави животни навики кај младите (спортски и рекреативни активности, здрава исхрана, редовно вршење на здравствени прегледи)...;
   4.2.2. Стратегија 2: Едукација на младите за сексуално преносливите болести и обезбедување на поголема достапност на заштитните средства;
   4.2.3. Стратегија 3: Организирање на клубови за одвикнување од пушење на млади според постојни успешни модели кои се применуваат во соседните држави;
   4.2.4. Стратегија 4: Спроведување на постојана кампања за ослободување од зависноста од Интернет;
   4.2.5. Стратегија 5: Промоција на волонтерството меѓу младите во Штип како стил на живеење со акцент на придобивките од волонтирањето;
   4.2.6. Стратегија 6: Редовно организирање и спроведување на кампањи за развивање на свеста на младите за заштита на животната средина;
   4.2.7. Стратегија 7: Претставување на педагошко-психолошката служба во училиштата како пријателски сервис на младите;
   4.2.8. Стратегија 8: Поддршка на младите за полесно надминување на емотивните проблеми и проблеми предизвикани од различни стресови.

4.3. Специфична цел 3: **Да се иницира систематско пренасочување на дел фондовите создадени од даноците за цените на алкохолот и цигарите во фондови за поддршка на младински иницијативи.**
   4.3.1. Стратегија 1: Формирање на лоби група на локално ниво која ќе работи кон привлекување на поддржувачи на иницијативата и ќе планира активности за постигнување на целта на национално ниво во иднина.

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2011 ГОДИНА

## „Како да ги постигнеме заедничките цели?
## - Акционен план 2011 – рамка за акција”

Предвидените активности се однесуваат само на 2011 година, додека активностите за следните 4 години, кои ќе се надоврзат на овој план, Работната група за спроведување на ЛСМ треба да ги предвиди соодветно со оваа стратегија.

При разгледување на акциониот план треба да се земе предвид дека еден дел од активностите треба да започнат да се реализираат во текот на 2011 година, со тоа што станува збор за иницирање на процеси на соработка и координација на сите засегнати страни кои во иднина (преку реализација на ЛСМ во текот на следните години) ќе допринесат за остварување на специфичните цели. Најголемиот дел од овие активности ќе се повторуваат и надополнуваат во текот на следните години од имплементација на стратегијата.

Оние стратегии кои ќе започнат да се реализираат по истекот на 2011 година се вметнати во планот за да може да се следи логичниот редослед на стратегијата, но не се детално обработени. Истите се означени со закосен текст.

| **Приоритет – КУЛТУРА**<br>**Цел на приоритетот: Да се допринесе во процесот на културно изградување на младите преку нивно активно вклучување како креатори и консументи на културата во Штип.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели и стратегии** | **Конкретни активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Кој? - реализација** |
| Специфична цел 1: **Да се придонесе кон зголемување на информираноста на младите.** | | | | | |
| Стратегија 1: Воспоставување на систем за подобрување на информирањето на младите во рамки на образовните институции | - организирање на 3 средби на директори од образовни институции заради утврдување на тековна состојба и планирање на конкретни акции<br>- ангажирање на 10 волонтери – ученици/студенти кои ќе се грижат за прибирање и редовно и навремено поставување на информации на соодветните места во обр.институции<br>- дополнување на веб страниците на образовните институции (кои ги имаат)<br>- поставување на огласни табли (онаму каде нема) и одредување на места за дистрибуција на печатени материјали (овие места ќе се користат и за прибирање на мислења и коментари од младите во однос на интерес за различни содржини) | - организирани најмалку 2 средби<br>- обезбедени најмалку по 1 волонтер во секоја образовна инст.<br>- најмалку 2 веб страни на обр. институции што ќе воведат посебен дел за информирање од овој вид<br>- огласни табли во сите образовни институции<br>- број на прибрани коментари и мислења од млади | - број на одржани средби/ записници<br>- број на вклучени волонтери<br>- број на веб страници на обр. институции<br>- број на огласни табли | Јануари – Ноември 2011 | - образовни институции<br>- РГ за ЛСМ |
| Стратегија 2: Спроведување на активности за искористување на сите расположливи медиуми | *(Во 2011 година ќе се воспостави веб страница за информирање на младите за овој вид на настани, додека по 2011 ќе се планираат и други активности во* | - креирана веб страница<br>- ажурирање на информациите на | - креирана функционална веб страница<br>- број на | Април – Декември 2011 | - граѓански организации<br>- РГ за ЛСМ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| (печатени и електронски) на најсоодветен начин за да се осигури дека пораките и информациите ќе стигнат до целната публика – млади | *соработка со медиумите, како и отварање на младински информативен центар.)*<br>- креирање и поставување на веб страницата<br>- ангажирање на тим од 15 волонтери за собирање на информациите и редовно ажурирање на веб страницата<br>- промоција на веб страницата меѓу младите во Штип | веб страницата на седмична основа<br>- промовирана веб страница | објавени информации на седмична основа<br>- број на посети на веб страницата | | |
| Специфична цел 2: **Да се поттикне учеството на младите во креирање на културата.** | | | | | |
| Стратегија 1: Воспоставување и реализирање на Програми за волонтери во институциите што работат на областа на културата во Штип<br><br>*Во текот на 2011 година ќе се спроведе подготвителен процес за промоција на законот за волонтерство и подготвување на програми за волонтери, кој ќе биде фацилитиран од страна на граѓански организации, додека од 2012 година ќе се започне со спроведување на* | - организирање на 3 средби со претставници од институциите заради промоција на законот за волонтерство и можностите, и утврдување на интересот за вклучување на волонтери во институциите<br>- организирање на поединечни средби во секоја институција посебно заради утврдување на можностите за спроведување на програми за волонтери и проценка на потреби за волонтери<br>- спроведување на процеси за планирање на програми за волонтери во институциите<br>- распишување на огласи за прием на волонтери | - организирани најмалку 2 заеднички средби<br>- организирани најмалку 2 поединечни средби во 2 различни инст.<br>- донесени одлуки за спроведување на програми за волонтери во најмалку 2 инст.<br>- направена најмалку 1 програма за волонтери во 1 институција | - број на организирани средби<br>- број на работни средби за планирање на програми по институција<br>- број на развиени програми<br>- број на усвоени програми во инст.<br>- број на распишани | Април – Декември 2011 | - граѓански организации<br>- институции од област на култура<br>- РГ за ЛСМ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *истите за што ќе бидат одговорни соодветните институции.* | | - распишан оглас за прием на волонтери | огласи и број на огласени волонтерски позиции<br>- број на примени волонтери | | |
| *Стратегија 2:<br>Обезбедување поддршка на формални и неформални младински групи за реализација на културни иницијативи* | *Активности за спроведување на оваа стратегија ќе започнат да се реализираат од 2012 година (идентификување на формални и неформални младински групи; утврдување на нивни потреби за поддршка – менторство, едукација, финансирање; обезбедување на поддршка од страна на институции од област на културата, бизнис сектор и други потенцијални донатори и поддржувачи; реализација на иницијативи на формални и неформални младински групи)* | | | **Од 2012** | |
| Специфична цел 3: **Да се овозможат услови за дополнителна мотивација на слободно изразување на креативните потенцијали на младите** | | | | | |
| Стратегија 1:<br>Обезбедување и уредување на соодветен простор (физички простор)/место за развивање на креативните потенцијали на младите | - истражување на можностите (за обезбедување на соодветен простор)<br>- обезбедување на простор<br>- регулирање на ингеренции (кој легално може да ја превземе обврската) за менаџирање на програмата | - направено мапирање<br>- обезбеден соодветен простор<br>- регулирани ингеренциите за менаџирање на | - бр. на средби меѓу засегнати страни<br>- број на разгледани објекти<br>- произведени | Мај – Декември 2011 год. | - РГ за ЛСМ<br>- Општина Штип<br>- Совет на млади<br>- младински организации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *(Во 2011 година ќе се покрене иницијативата и ќе се обезбеди просторот, додека од 2012 ќе се работи на планирање и спроведување на активности за опремување и профункционирање)* | програмата | документи во процесот (записници, решенија и одлуки...) | | |
| Стратегија 2:<br>Охрабрување на младите за слободно изразување на креативноста преку редовно распишување на конкурси од обласат на уметноста и обезбедување на стипендија за талентиран ученик за поддршка на неговото/нејзиното понатамошно изградување на годишно ниво | - организирање на 4 средби меѓу институциите/организациите задолжени за имплементација<br>- анализа на тековната состојба и утврдување на идните потреби (број на распишани конкурси и видови од страна на инст./орг. поединечно, редовност на спроведување...)<br>- планирање на идни активности<br>- реализација на плановите во рамки на поединечните инст./орг. | - одржани најмалку 2 средби меѓу засегнатите страни<br>- направена анализа и извештај<br>- донесени најмалку 5 одлуки за распишување конкурси (од различни инст./орг.)<br>- распишани и спроведени најмалку 5 конкурси | - број на организирани средби<br>- извештај од спроведена анализа<br>- донесени одлуки за распишување конкурси/ /стипендија<br>- бр. распишани конкурси во текот на 2011/број на новововедени/<br>- бр.- наградени/ /стипендирани | Март – декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- образовни институции<br>- граѓански организации<br>- О. Штип |
| Специфична цел 4: **Интегрирање на културните и уметничките вредности помеѓу младите луѓе** | | | | | |
| Стратегија 1: Воспоставување на тесна соработка помеѓу | - организирање на средби меѓу засегнатите институции и организации | - одржани најмалку 2 средби | - број на одржани средби | Јуни – декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- образовни институции |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| културните и образовните институции со цел овозможување на подобар пристап на младите до креаторите на културата на локално ниво | (образование и култура)<br>- потпишување на меморандум за соработка<br>- изработка на програма за организирани посети на ученици во културни институции за 2011 год. (посета на манифестации и настани, предавања, запознавање со институцијата и работата таму...)<br>- редовно спроведување на посети од ученици во културни институции | - подготвен и потпишан меморандум за соработка<br>- изработена програма – листа на настани за организирани посети од ученици<br>- организирани најмалку по една посета од ученици од секое ОУ и СОУ во културни инст. | - број на инст./орг. потписници на меморандумот за соработка<br>- број на планирани настани/бр. на реализирани настани<br>- број на посети од ученици/број на ученици | | - инст. од област на културата<br>- граѓански организации |
| *Стратегија 2:<br>Градење на културните вредности кај младите преку превземање на соодветни акции во рамки на образовните институции почнувајќи уште од најмала возраст* | *Активности за спроведување на оваа стратегија ќе започнат да се реализираат од 2012 година (средби меѓу засегнати страни; планирање на соодветни активности за деца и родители; спроведување на активности /интересни презентации, организирани посети на културни манифестации; организирање на специјални настани за деца, и сл.)* | | | **Од 2012** | |
| Стратегија 3:<br>Покренување на иницијатива за организирање на кино премиери | - истражување на поблемот „зошто нема кино во Штип?”<br>- организирање на 2 средби со засегнати страни и донесувачи на одлуки заради планирање на соодветно решение што ќе се спроведе од 2012 со краен резултат – обезбедување на кино во Штип | - одржани најмалку 2 средби<br>- донесена одлука за решавање на проблемот | - извештај од истражувањето<br>- број на одржани средби<br>- број на предлози за решавање на проблемот<br>- одлука за идни | Јуни – декември 2011 | - ЛС на Општина Штип<br>- Совет на млади<br>- РГ за ЛСМ<br>- бизнис сектор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | активности | | |
| *Стратегија 4:*<br>*Покренување на иницијатива за сеопфатно опфаќање на темата „етичко и културно однесување” во рамки на одделенските часови во основните и средните училишта* | *Активности за спроведување на оваа стратегија ќе започнат да се реализираат од 2013 година (активности од типот: идентификување можности за спроведување; покренување на иницијатива за дополнителна програма во формалното образование, и сл.)* | | | **Од 2013** | |

| **Приоритет – КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ / СПОРТ**<br>**Цел на приоритетот: Да се обезбедат услови за масовна вклученост на младите од Штип во спортско-рекреативни активности.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели и стратегии** | **Конкретни активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Кој? - реализација** |
| Специфична цел 1: **Да се подобрат условите за спорт и рекреација за младите.** | | | | | |
| Стратегија 1:<br>Реновирање на постоечки спортски капацитети (сали во училиштата, игралишта на отворено/маалски игралишта) | - мапирање на постојната ситуација и анализа<br>- правење на планови за унапредување<br>- организирање на 4 средби со претставници од урбани заедници и млади за подобрување на условите на маалските игралишта и редовно одржување<br>- утврдување на распоред за реновирање на потребните места и поделени одговорности | - најмалку 4 одржани состаноци на О. Штип заради планирање на активностите<br>- подготвен извештај за постојната ситуација со постоечките спортски капацитети<br>- организирани | - број на одржани состаноци и средби<br>- извештај за ситуацијата<br>- број на вклучени урбани заедници и млади<br>- план за реновирање на | Март – декември 2011 | - О. Штип<br>- Совет на млади<br>- РГ за ЛСМ<br>- урбани заедници<br>- образовни институции |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - спроведување на постапка за реновирање на најмалку 2 постоечки спортски капацитети во 2011 | најмалку 4 средби со УЗ и млади<br>- утврден распоред за реновирање и поделени одговорности<br>- реновирани најмалку 2 постоечки спортски капацитети | постоечки спортски капацитети во текот на следните 5 год.<br>- број на реновирани постојни спортски капацитети | | |
| *Стратегија 2: Рестартирање на стрелиштата* | *Оваа стратегија ќе започне да се реализира од 2012 година (идентификување на постојни можности, потреби, активирање, промоција и сл.)* | | | **Од 2012** | |
| Стратегија 3:<br>Изградба на нови објекти/локации (скејт-парк, трим патеки, затворен базен, велосипедска патека, куглана...)<br><br>*Во текот на 2011 година ќе се спроведе подготвителен процес за одредување приоритети и обезбедување на финансиски средства за дел од нив, додека во следните години ќе се продолжи со прибирање средства и* | - организирање на 2 средби со засегнати страни заради одредување на 3 приоритетни објекти /вид/ кои недостигаат<br>- спроведување на процеси за обезбедување на потребни дозволи и средства за изградба на 3 нови објекти | - одржани 2 средби<br>- одредени приоритети<br>- започнати процеси за обезбедување на дозволи<br>- обезбедени финансиски средства за најмалку 2 нови објекти | - број на средби<br>- број на обезбедени дозволи<br>- сума обезбедена за изградба на нови објекти | Март – декември 2011 | - ЛС на О. Штип<br>- Совет на млади<br>- граѓански организации<br>- бизнис сектор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *изградба на овие објекти/локации.* | | | | | |
| Специфична цел 2: **Да се поттикнат младите за вклучување во спортски активности.** | | | | | |
| Стратегија 1:<br>Организирање на настани или турнири од масовен карактер кои ќе бидат популарни (пр: „сите на ролери", „tour'de Shtip")<br><br>*Оваа стратегија ќе започне да се спроведува во 2011 година и ќе продолжи во текот на целиот период на траење на стратегијата за млади.* | - организирање на средби на засегнатите страни заради планирање на фреквенција на одржување на настани на годишно ниво и обезбедување на поддршка на постојните и воведување на нови популарни настани/турнири од масовен карактер<br>- обезбедување на средства за одржување на 2 нови настани<br>- одржување на 2 настани/турнири во 2011 | - организирани најмалку 3 заеднички средби<br>- направен план за одржување на настани/турнири од масовен карактер на годишно ниво<br>- обезбедени средства<br>- одржани 2 настани/турнири од масовен карактер | - број на организирани средби<br>- план за одржување на турнири од масовен карактер во Штип<br>- вкупен износ на обезбедена финансиски средства<br>- број на одржани настани/турнири<br>- број на учесници на одржани настани/турнири | Март – декември 2011 | - институции (образовни инст., спортски и граѓански организации)<br>- РГ за ЛСМ<br>- ЛС на О. Штип |
| *Стратегија 2:*<br>*Регрутација на што повеќе млади во постојните спортски клубови* | *Во текот на 2012 година ќе се спроведе истражување за опфатеноста на млади во спортските клубови и спортските клубови и ЛС на О. Штип ќе планираат стратегии за соодветно зголемување на нивниот број што ќе се реализираат во следните 3 години.* | | | **Од 2012** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Стратегија 3: Поттикнување на натпреварувачкиот дух кај младите* | *Оваа стратегија ќе започне да се реализира од 2013 година (преку активности од типот: организирање на натпревари, доделување на награди и стипендија на годишно ниво, и сл.)* | | | **Од 2013** | |
| Специфична цел 3: **Остварување на ефикасна соработка помеѓу спортските работници, бизнис секторот и локалната власт во насока на зајакнување на капацитетите за поддршка на активно занимавање на младите со спорт.** | | | | | |
| Стратегија 1:<br>Воспоставување на редовна комуникација меѓу засегнатите страни | - организирање на редовни (1 во 2 месеци) средби на засегнатите страни | - одржани 2 средби | - број на одржани средби<br>- бр на учесници<br>- извештаи и заклучоци | Септември – декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- ЛС на О.Штип и Совет на млади<br>- спортски клубови и граѓански здруженија |
| Стратегија 2:<br>Организирање на локални настани за прибирање на средства. | - организирање на еден годишен настан за прибирање на средства за имплементација на активности предвидени со овој АП (АП за спорт од ЛСМ) | - одржани 4 средби за организирање на настанот<br>- одржан настан за прибирање средства | - број на учесници<br>- вкупна сума на донирани средства | Септември – ноември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- ЛС на О.Штип и Совет на млади<br>- спортски клубови и граѓански здруженија |

| **Приоритет – КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ / МАРГИНАЛИЗИРАНИ МЛАДИ**<br>**Цел на приоритетот: Да се поддржи процесот на вклопување и социјализирање на маргинализираните групи млади[6] во општеството.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели и стратегии** | **Конкретни активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Кој? - реализација** |
| Специфична цел 1: **Да се подигне свеста на јавноста за потребите на маргинализираните млади и намалување на стигматизацијата и/или игнорантскиот однос кон нив.** | | | | | |

[6] Во групата „маргинализирани млади“ за Штип се земени предвид следните 3 категории: млади од рурални средини, млади Роми и млади со посебни потреби.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стратегија 1:<br>Спроведување на кампањи за информирање на граѓаните за животот на маргинализираните млади и нивните потреби. | *(Во 2011 година ќе се спроведе процесот за планирање на кампањата и ќе се започне со прибирање на средства, додека самата кампања ќе се реализира во 2012 година во период кога ќе се соберат сите предвидени средства за истата.)*<br><br>- организирање на состаноци за планирање на кампања<br>- обезбедување на средства | - одржани најмалку 4 средби за планирање и организирање на кампања<br>- подготвен и доставен предлог проект за финансирање на кампањата | - број на организирани средби<br>- број на подготвени и доставени предлог проекти/барања за финансиска поддршка | Септември – декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- ЦСР<br>- ЛС<br>- медиуми |
| *Стратегија 2:*<br>*Организирање на забавни настани за целата млада популација со посебно внимание на обезбедување на присуство и на маргинализираните млади заради пружање на дополнителна можност за нивна социјализација* | *Активности за спроведување на оваа стратегија ќе започнат да се реализираат од средината на 2012 година (средби помеѓу засегнати страни и организатори на забавни настани, планирање на соодветни начини за информирање и мотивирање на маргинализираните млади да учествуваат, дистрибуција на информации до маргинализираните млади и следење на нивното присуство).* | | | **Од 2012** | |
| Стратегија 3:<br>Вклучување на маргинализираните млади во активности за одбележување на посебни датуми (домашни и | - координација на засегнатите страни со цел заедничко одбележување на Светскиот ден на младите во О. Штип<br>- спроведување на активности за одбележување на денот на 12. август 2011 | - одржани најмалку 2 средби за координација и планирање<br>- направена детална агенда за денот со | - број на одржани средби<br>- план/детална програма за одбележување на денот | Мај – Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- М.О. ВОДА+ и други младински организации<br>- организации кои работат со |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| меѓународни, како на пр. 12ти Август – Светскиот ден на младите), како учесници, но и како организатори на одредени активности | *(Во 2011 ќе се направи обид да се вклучат маргинализираните млади во одбележување на Светскиот ден на младите, додека во следните години ќе се зголеми бројот на настани каде тие ќе се вклучуваат.)* | поделба на одговорости<br>- вклучени најмалку 10 маргинализирани млади во организација на активности<br>- организирани најмалку 3 различни јавни настани/активности на 12.август | - број на маргинализирани млади вклучени во организација на активности<br>- број и вид на одржани настани/ /спроведени активности на 12.авг<br>- број на учесници на спроведени настани/ /активности | | маргинализирани млади<br>- ЛС<br>- ЦСР<br>- бизнис сектор |
| Специфична цел 2: **Да се обезбеди поддршка на младите со посебни потреби во нивното надградување и социјализација.** | | | | | |
| *Стратегија 1: Спроведување на истражување за проблемите и потребите на младите со посебни потреби и планирање на активности за подобрување на нивниот живот.* | *Активностите од оваа стратегија ќе започнат да се спроведуваат во втората половина на 2012 год. (организирање на фокус групи и анкетно истражување, анализа на податоци)* | | | **Од август 2012** | |
| *Стратегија 2: Спроведување на волонтерска програма за* | *Оваа стратегија ќе започне да се реализира во 2012 година (со тоа што, во првата половина од годината ќе се* | | | **Од 2012** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *помош при совладување на вештини и знаења за млади со посебни потреби преку спроведување на домашни посети во нивните семејства* | *испланира програмата за волонтери, ќе се регрутираат волонтери кои ќе се обучат. Во истиот период кога ќе се започне со обука на волонтерите, ќе се објави и повик за семејства кои имаат деца со посебни потреби. Волонтерите, при крај на 2012 ќе започнат да ги спроведуваат посетите во пријавените семејства.)* | | | | |
| Стратегија 3: Воспоставување на традиција за одбележување на 3ти Декември – Денот на лицата со хендикеп преку спроведување на координирана акција во која ќе се вклучат сите засегнати страни во Општината (институции, младински организации, други здруженија на граѓани, семејства на лица со посебни потреби, лица со посебни потреби) | - организирање и одржување на тркалезна маса за засегнати страни заради истражување на можностите за заеднички настап при одбележување на 3ти Декември – Денот на лицата со хендикеп со вклученост на сите засегнати страни<br><br>*(Во 2011, РГ за ЛСМ ќе организира тркалезна маса, додека во 2012 и понатаму ќе се делува според заклучоците и препораките од истата)* | - одржана средба – тркалезна маса | - извештај со заклучоци од средбата<br>- број на учесници/ /институции | Октомври - Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- ЛС |
| Стратегија 4: Организирање на посети заради заеднички активности од страна на ученици – средношколци во | *Во 2011 само едно средно училиште ќе спроведе активности за заедничка работа со деца и млади со посебни потреби за изработка на новогодишни честитки, па врз основа на тоа* | - избрано 1 средно училиште<br>- избрани најмалку 20 ученици<br>- организирана | - број на направени посети<br>- број на ученици<br>- број на | Ноември – Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- ЦСР<br>- ДСУОР „Искра”<br>- Основно училиште |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| центрите за згрижување на деца и млади со посебни потреби по различни поводи. | *искуство, во текот на 2012 година ќе се планира и ќе започне да се спроведуваат слични заеднички посети и од другите средни училишта.*<br><br>- избор на 1 средно училиште<br>- избор на ученици кои ќе одат во посети<br>- обезбедување средства за работни материјали<br>- организирање на посетите | најмалку 1 посета | опфатени деца и млади од центрите за згрижување на деца со посебни потреби<br>- број на направени новогодишни честитки | | |
| Специфична цел 3: **Да се овозможат приближно еднакви услови за младите од руралните средини за социјализација, културно изградување, спорт и рекреација.** | | | | | |
| *Стратегија 1: Спроведување на истражување за проблемите и потребите на младите од руралните средини и планирање на активности за подобрување на нивниот живот* | *Активностите од оваа стратегија ќе започнат да се спроведуваат во втората половина на 2012 год. (организирање на фокус групи и анкетно истражување, анализа на податоци, планирање на активности за подобрување на животот на младите во руралните средини)* | | | **Од август 2012** | |
| Стратегија 2: Покренување на иницијатива за организирање на редовен и достапен (од финансиски аспект) јавен превоз | - истражување на постојната состојба<br>- истражување на можностите<br>- спроведување на иницијативата соодветно со препораки од спроведените истражувања | - подготвени извештаи со заклучоци/ /препораки за постојната состојба и можностите<br>- организирана 1 средба на зас. страни за покренување на иницијативата | - извештаи<br>- број на организирани средби<br>- број на понудени решенија | Септември – Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- Совет на млади<br>- ЛС на О. Штип<br>- рурални месни заедници |
| Стратегија 3: Запознавање на младите од | *Активностите од оваа стратегија ќе започнат да се спроведуваат во 2012* | | | **Од 2012** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| градот со убавините на селските средини преку редовно организирање на осмислени посети од страна на младите од руралните средини | *год. (план на активности – посета на по едно село месечно; обезбедување на средства за спроведување на посетите; избор на домаќини на средбите; организирање и одржување на посетите)* | | | | |
| Стратегија 4:<br>Организирање на културни, едукативни и информативни настани за млади во руралните средини | - планирање на програма на активности /настани за млади во руралните средини<br>- обезбедување на средства<br>- реализирање на најмалку 4 едукативни или културни настани во руралните средини | - изработена програма<br>- обезбедени средства за спроведување на најмалку 4 настани<br>- реализирани најмалку 4 настани | - број на реализирани едукативни или културни настани во руралните средини<br>- број на учесници на организираните настани | Јуни – Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- организации и институции кои може да бидат испорачатели на настани<br>- ИнфоБУС/ /НУБиблиотека „Г.Д.”<br>- рурални месни заедници |
| Специфична цел 4: **Спроведување на активности за подобрување на животот на младите Роми во Општина Штип.** | | | | | |
| Стратегија 1:<br>Спроведување на истражување за проблемите и потребите на младите Роми | - Планирање на најсоодветна методологија за истражувањето<br>- Спроведување на истражување<br>- Анализа на податоците | - спроведено сеопфатно истражување<br>- подготвена анализа | - број и вид на спроведени активности за истражување<br>- број на опфатени учесници во истражувањето<br>- документ – анализа на проблемите и потребите на младите Роми | Август – Декември 2011 | - граѓански организации<br>- ЦСР<br>- ЛС на О. Штип<br>- РГ за ЛСМ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Стратегија 2:<br>Развивање на Акционен план за подобрување на аспектите од животот на младите Роми во Штип согласно со приоритетните критични области регистрирани преку истражувањето* | *Оваа стратегија ќе се реализира во текот на 2012 (преку спроведување на процес за изработка на Акционен план; и подготовка и поднесување на предлог проекти до донаторски организации заради обезбедување на средства за реализација на АП)* | | | **2012** | |
| *Стратегија 3:<br>Спроведување на конкретни активности предвидени со Акциониот план.* | *Активностите во оваа стратегија се зависни од претходна изработка на АП, како и вкупните обезбедени средства за реализазија на истиот. Се предвидува дека при крај на 2012 ќе има обезбедено дел од потребните средства и ќе може да се започне со спроведување на АП.* | | | **Од септември 2012** | |

| **Приоритет – КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ / ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА – ПОРАСТ ВО ПОЈАВАТА НА ЗАВИСНОСТИ**<br>**Цел на приоритетот: Да се влијае кон подигање на свеста на младите за создавање на здрави животни навики, особено преку ставање акцент на штетните последици од користење на алкохол, дрога и цигари.** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цели и стратегии** | **Конкретни активности** | **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Кој? - реализација** |
| Специфична цел 1: **Да се влијае кон подигање на свеста на младите за штетните последици од алкохолот, пушењето и дрогата со цел превенција од создавање на нови зависници.** | | | | | |
| Стратегија 1:<br>Спроведување на | - организирање на 3 заеднички средби на образовните, здравствените | - одржани 3 заеднички средби | - број на одржани | Мај – Јуни 2011<br>Септември 2011 – | - РГ за ЛСМ<br>- образовни институции |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| превентивни програми – едукација за превенција на болестите на зависност – во рамки на училиштата | институции, СВР – Штип, граѓански организации заради планирање на годишна програма и поделба на задачи и одговорности<br>- спроведување на програмата | - изработена годишна програма за превенција во училиштата<br>- спроведена програма | заеднички средби<br>- број на учесници<br>- годишна програма за превенција во училиштата<br>- процент на спроведеност на програмата | Јуни 2012 | - здравствени институции<br>- СВР<br>- експерти |
| Стратегија 2:<br>Спроведување на кампањи за поддршка на имплементација на закони насочени кон превенција на девијантните појави | - истражување на соодветната постојна законска легислатива и кампањи на национално ниво<br>- воспоставување на соработка со организации и институции од Македонија со цел реплицирање на нивни кампањи и користење на постојни материјали<br>- изработка на предлог проекти за обезбедување на финансиски средства за спроведување на кампања | - анализа на законска легислатива<br>- остварена соработка со институции и организации<br>- изработен и доставен предлог проект за финансирање | - анализа на законска легислатива<br>- број на институции/ организации со кои е воспоставена соработка<br>- предлог проект | Септември – Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- ЛС на О. Штип |
| Стратегија 3:<br>Остварување на соработка со локалните медиуми заради намалено емитување на реклами, филмови и спотови за цигари и алкохол. | *Во текот на 2011 година ќе се спроведе само следење на програмите на медиумите за да се утврди фреквенцијата на емитување на вакви спотови и реклами, додека од 2012 ќе се организираат настани за остварување на саканото влијание.* | - ангажирани и обучени 20 волонтери<br>- изработен извештај | - број на ангажирани волонтери<br>- месечни извештаи<br>- полугодишен извештај со | Јуни – Декември 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- медиуми |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - ангажирање на 20 волонтери за следење на програмите на медиумите<br>- изработка на шестмесечен извештај за следењето со заклучоци и препораки | | заклучоци и препораки | | |
| Специфична цел 2: **Да се иницира процес за создавање на здрави животни навики меѓу младите (преку промоција на мотото „во здраво тело – здрав дух")** | | | | | |
| *Стратегија 1: Организирање и спроведување на локални кампањи/проекти и активности за промоција на здрави животни навики кај младите (спортски и рекреативни активности, здрава исхрана, редовно вршење на здравствени прегледи)...* | *Оваа стратегија ќе се реализира почнувајќи од 2012 кога засегнатите страни ќе се координираат во однос на постојни активности кои се спроведуваат и ќе утврдат што недостига. Истовремено, ќе планираат и кампања за промоција на здрави животни навики и ќе подготват предлог проект(-и) за обезбедување на потребните средства за спроведување на кампањата при крај на 2013 година.* | | | **Од 2012** | |
| Стратегија 2:<br>Едукација на младите за сексуално преносливите болести и обезбедување на поголема достапност на заштитните средства | - изработка на заедничка годишна програма со имплементација на програмите/плановите на поединечните институции и организации и планирање на дополнителни активности во колку е потребно<br>- спроведување на програмата<br>- изработка и печатење на информативно-едукативни материјали<br>- редовно информирање на млади преку медиумите за бесплатни услуги и советувања | - изработена годишна програма<br>- одржани најмалку 10 едукативни работилници/<br>/настани<br>- објавени информации преку медиумите<br>- испечатени и дистрибуирани едукативни | - годишна програма<br>- број на одржани едукативни настани<br>- број и фреквенција на емитување на информации преку медиумите<br>- број на видови и број на | 2011 | - РГ за ЛСМ<br>- образовни институции<br>- здравствени институции (Центар за Сексуално и репродуктивно здравје)<br>- Младински Клуб – Штип и други младински организации<br>- медиуми |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - обезбедување на донации во вид на кондоми од соодветни компании | материјали | испечатени и дистрибуирани материјали | | |
| *Стратегија 3:*<br>*Организирање на клубови за одвикнување од пушење на млади според постојни успешни модели кои се применуваат во соседните држави* | *Оваа стратегија ќе се реализира почнувајќи од 2013 година кога ќе се истражат и анализираат постојните модели и ќе се организира прввиот пилот клуб за одвикнување од пушење со доброволци, па зависно од прцентот на успех и стекнатите искуства, следните години ќе се отворат други такви клубови.* | | | **Од 2013** | |
| *Стратегија 4:*<br>*Спроведување на постојана кампања за ослободување од зависноста од Интернет* | *Во текот на 2012 година ќе се планира да се започне со кампањата на денот за безбеден Интернет, а потоа континуирано ќе се планираат активности (по еден настан месечно) и ќе се обезбедуваат средства за спроведување на истите.* | | | **Од 2012** | |
| Стратегија 5:<br>Промоција на волонтерството меѓу младите во Штип како стил на живеење со акцент на придобивките од волонтирањето | - организирање на работилници за млади за промоција на придобивките од волонтирањето<br>- промоција на волонтерството преку гостувања и едукативно-информативни емисии на локалните медиуми<br>- организирање на една волонтерска акција (планирање според идеи на младите, обезбедување на финансиски средства и спроведување на крај од 2011) | - одржани најмалку 5 работилници<br>- најмалку 3 гостувања на медиуми<br>- спроведена 1 локална волонтерска акција | - бр на одржани работилници<br>- број на учесници<br>- број на гостувања на медиуми<br>- број на ангажирани волонтери за локална акција | 2011 | - граѓански организации<br>- РГ за ЛСМ<br>- ЛС на О. Штип<br>- медиуми |
| *Стратегија 6:*<br>*Редовно организирање и* | *Во текот на 2012 ќе се направи план за кампања, а исто така, и анализа на* | | | **Од март 2012** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *спроведување на кампањи за развивање на свеста на младите за заштита на животната средина* | *постојната состојба во однос на организатори на настани поврзани со заштита на животната средина каде може да се вклучуваат млади. Потоа ќе се работи на обезбедување на финансиски средства за спроведување на кампањата и спроведување на истата.* | | | | |
| Стратегија 7:<br>Претставување на педагошко-психолошката служба во училиштата како пријателски сервис на младите | - спроведување на анкетно истражување меѓу учениците за перцепцијата на педагошко-психолошката служба<br>- одржување на по 2 работилници во секое средно и основно училиште заради претставувања на улогата и задачите на педагошко-психолошката служба, со акцент на видовите на помош која секој ученик може да ја добие (службата од едно училиште ќе ги одржи претставувањата во друго училиште) | - направена анализа од анкетното истражување<br>- одржани најмалку 10 работилници за претставувања на улогата и задачите на педагошко-психолошката служба | - број на анкетирани ученици<br>- анализа од анкетното истражување<br>- број на одржани работилници<br>- број на ученици кои присуствувале на работилниците<br>- број на ученици кои се обратиле до службата месечно | Август – Декември 2011 | - образовни институции<br>- РГ за ЛСМ |
| *Стратегија 8:*<br>*Поддршка на младите за полесно надминување на емотивните проблеми и проблеми предизвикани од* | *Во 2012 ќе се планира каков сервис е најсоодветно да се примени, и ќе се изработи и поднесе предлог проект за обезбедување на средства за отварање на таков сервис во текот на 2013* | | | **Од 2012** | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *различни стресови* | *година.* | | | | |
| Специфична цел 3: **Да се иницира систематско пренасочување на дел фондовите создадени од даноците за цените на алкохолот и цигарите во фондови за поддршка на младински иницијативи.** | | | | | |
| *Стратегија 1:*<br>*Формирање на лоби група на локално ниво која ќе работи кон привлекување на поддржувачи на иницијативата и ќе планира активности за постигнување на целта на национално ниво во иднина.* | *Во текот на 2012 ќе се формира лоби група составена од советници, пратеници, правници и млади кои ќе планираат прво како ќе ја постигнат целта, а потоа ќе го спроведуваат планот во соработка и со други засегнати страни.* | | | **Од 2012** | |

# ПРОЦЕС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

## 1) КООРДИНАЦИЈА И ВКЛУЧЕНОСТ

### „Кој ќе ја спроведе Стратегијата за млади на Општина Штип???"

**Во спроведувањето на Стратегијата на млади на Општина Штип ќе учествуваат сите засегнати страни, односно, сите институции и организации кои работат со или за млади, бизнис секторот, и младите.**

Сепак, за да се обезбеди соодветна координација на активностите за постигнување на зацртаните цели, Координативното Тело вклучено во креирање на оваа Стратегија ќе формира **Работна група (РГ за ЛСМ)** од 15 членови, претставници од: (1 претставник од) Локална самоуправа, (1 прет. од) Совет на млади на О. Штип, (1 прет. од) Совет на Општината, (4 прет. од) Здруженија на граѓани – младински организации, (1 прет. од) Студентски парламент при УГД, (2 прет. од) средношколски организации, (5 прет. од) од институции кои работат во областите застапени во Стратегијата (пр. образовни и здравствени институции, институции од област на културата, Центар за социјална работа, Полиција...). Одговорноста за оваа работна група ќе ја превземе ЛС на О. Штип. За да се обезбеди континуитет во процесот и да се осигури дека ќе следи имплементација на планираното, препорака е барем 30% од членовите на РГ за ЛСМ да бидат лица кои биле вклучени во процесот на креирање на ЛСМ.

Работната група ќе се состанува на месечна основа, и почесто по потреба и ќе организира: 1) Промоција на Локалната стратегија за млади на О. Штип и 2) Состаноци со засегнати страни за поттикнување кон превземање соодветни активности за имплементација на Стратегијата.

Работната група редовно ќе го информира Тимот за мониторинг и евалуација и Советот на општина Штип за својата работа и случувањата во однос на имплементација на ЛСМ.

## VI МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

### „Кој ќе ни' каже дали и како Стратегијата се спроведува???"

Со цел да се следи напредокот на спроведувањето на Локалната стратегија за млади на О. Штип, Координативното Тело ќе формира **Тим за мониторинг и евалуација**. Во колку сите членови од КТ се заинтересирани да продолжат со работата, тие ќе се преименуваат во Тим за мониторинг и евалуација на имплементацијата на ЛСМ, а во колку некој не е во можност да продолжи, ќе предложи друг претставник од својата област кој ќе го замени (3 советници од Советот на општината, 1 претставник од Младинска организација и 1 претставник од ЛС). Одговорноста за овој Тим ќе ја превземе ЛС или Младинската организација.

Тимот за мониторинг и евалуација на ЛСМ ќе се состанува на секои три (3) месеци и ќе дискутира по известувањата добиени од РГ, а на крајот од секоја година ќе подготвува извештај што ќе го презентира јавно. Во случај на потреба, ќе спроведе процес за ревизија на ЛСМ по две години (во 2012).

Графички приказ – како ќе функционира процесот на имплементација, мониторинг и евалуација на ЛСМ е даден на следната страница.

**Општина Штип ќе формира две тела:**
1) Работна група за координација на имплементацијата на ЛСМ (15 членови предложени од Координативното тело за креирање на ЛСМ)
2) Тим за мониторинг и евалуација (5 члена, моментно се членови на КТ за креирање на ЛСМ)

**Задачи на двете тела:**
1) Работна група за ЛСМ (иницира и координира активности, се состанува 1 пат месечно, формира подгрупи во проширен состав, планира АП за следни години, поднесува извештаи до Тим за м.&е)
2) Тим за мониторинг и евалуација (се состанува 4 пати годишно, следи работа на РГ за ЛСМ, следи спроведување на активности и ефекти врз целната група, поднесува годишен извештај до Совет на општина и јавноста.)



## Прилог 1

**Анализа: Ставовите на младите во Општина Штип по однос на младинските потреби (Скопје, јули 2010)**

**Наслов на публикацијата:** Ставовите на младите во општина Штип по однос на младинските потреби

**Автори:**

М-р Елизабета Марковска Спасеноска
М-р Марија Нашоковска

**Издавач на публикацијата**: Коалиција на младински организации СЕГА, јули 2010; Извршен Директор: Зоран Илиески

**Проектот „Креирање локални младински стратегии" е поддржан од програмата ЦИВИЦА Мобилитас имплементирана од ЦИРа, Агенцијата за млади и спорт и Локалните Самоуправи: Прилеп, Битола, Илинден, Кисела Вода, Свети Николе, Штип, Радовиш, Тетово, Кавадарци и Гевгелија**

**СОДРЖИНА:**

1. Резиме
2. Методологија на истражувањето
3. Примерок на истражувањето
4. Анализа на наодите според приоритетни области
   4.1 Култура и спорт
   4.2 Девијантни појави
   4.3 Социјална заштита
5. Заклучоци и препораки
   5.1 Култура и спорт
   5.2 Девијантни појави
   5.3 Социјална заштита

**1. Резиме**

Коалицијата на младински организации СЕГА спроведува проект за подготовка на локални младински стратегии во 10 општини во Република Македонија (Илинден, Кисела Вода, Тетово, Прилеп, Битола, Кавадарци, Гевгелија, Штип, Свети Николе и Радовиш). Проектот опфаќа активности за воспоставување структура за подготовка на локални младински стратегии, како и активности за утврдување на потребите и можните решенија кои треба да ја сочинуваат содржината на локалните младински стратегии. Станува збор за петгодишни стратегии во кои ќе се лоцираат клучните приоритети за младите луѓе во секоја општина и ќе се понудат одреден број на остварливи решенија.

Со цел фокусирање на најприоритетните проблеми за младите, во Штип преку реализација на фокус група се селектираа приоритети на кои понатаму ќе се однесуваат стратегиите. Приоритетите за Штип беа култура и спорт, девијантни појави и социјална заштита. За детектирање на состојбата во овие приоритети се реализираше анкета со младите луѓе на возраст од 15-29 години и интервјуа со клучни личности, како и фокус група за дискусија на добиените информации и предлагање на потенцијални решенија.

**2. Методологија на истражувањето**

Дефинираните цели на истражувањето за подготовка на локалните младински стратегии се:

- Да се добијат појдовни показатели за досегашната состојба со младинските потреби во целните општини преку користење на досегашни спроведени истражувања
- Да се дефинираат приоритетни области во секоја од наведените општини кои ќе бидат предмет на понатамошно длабинско истражување
- Да се презентираат веродостојни показатели за младинските потреби за секоја од целните општини и да се дадат препораки за постапување

За да се постигнат наведените цели беше подготвена сеопфатна методологија кој понуди прибирање на податоци од повеќе извори за секоја општина. Во тој контекст истражувањето се фокусираше на:

- Утврдување приоритетни проблеми во областа
- Причините за појава на проблемите кои постојат во приоритетните области
- Причините за слаба ефективност и ефикасност на одговорните институции при разрешување на проблемите
- Ниво на младински активизам за разрешување на проблемите во целната општина
- Познавања кај младите за нивните права и начинот на нивно остварување во контекст на утврдените приоритети

Со цел да се дефинираат најзагрозените сфери во кои проблемите на младите се најизразени во секоја општина се одржа по една фокус група со 10 – 15 учесници. Преку реализацијата на фокус групите присутните засегнати страни на основа на своите сознанија, како и на сумираните сознанија од досегашни спроведени истражувања за младинските потреби во нивната општина дискутираа кои области се приоритетни и

избраа две до три сфери кои ги сметаат за најзагрозени и за кои имаат реални очекувања за подобрувања кои ќе можат да се видат во наредните пет години. Фасилитирањето на фокус групите го вршеа локалните координатори назначени од Коалиција СЕГА, а врз основа на претходно подготвени упатства за спроведување на фокус групата и дефинирање приоритети.

Истражувачите на база на добиените информациии од фокус групите за приоритетите во секоја општина и на база на претходно сумираните податоци од поранешни истражувања за потребите на младите во дадените општини изготвија анкетни прашалници. Обучени анкетари во секој град ја спроведуваа анкетата. Прашалниците се пополнуваа директно од младите. Беа реализирани вкупно 1035 прашалници.

Понатаму, повторно под фасилитаторство на локалните координатори од Коалиција СЕГА се реализираше по една фокус група со по 10 – 15 учесници во секоја од вклучените општини. Учесниците на овие фокус групи беа различни од учесниците во фокус групите за утврдување на приоритетни области. На овие фокус групи се дискутираа добиените наоди од анкетата и се разговараа идеи за можни решенија на детектираните проблеми.

За комплетно покривање на сите аспекти на предметот на истражување неопходно беше да се реализираат серија интервјуа со претставници на локални самоуправи и локална админстрација, невладини организации, неформални младински групи, политички подмладоци, училишта и сл. Во прилог дадена листа на интервјуирани.

### 3. Примерок на истражувањето

<u>Фокус групи</u>

За формирање на фокус групите кои имаа за цел да дефинираат приоритетни области за делување како и за фокус групите кои имаа за цел да ги дискутираат и потврдат добиените наоди се користеше намерен примерок. При тоа составот на фокус групите вклучуваше:

- претставници од локални младински организации, политички подмладоци, претставници на средношколски и студентски заедници и сојузи
- советник од локалната администрација кој работи на младинската проблематика
- советници во советот на општината
- претставници од рурални места во состав на општината
- претставници од локални институции (школи, болници, центри за социјална работа, домови на култура)

Дополнителни критериуми при изборот на учесниците во фокус групата беа:

- соодветна полова застапеност
- возраст
- етнички баланс соодветен на структурата во општината
- граѓански статус

Листите на учесници во фокус групите се дадени во прилог.

<u>Реализација на анкета</u>

Во секоја од вклучените општини се селектираше соодветен примерок на млади луѓе на возраст до 15–29 години кои пополнија прашалници. Примерокот беше селектиран според податоците од пописот на населението од 2002 година. Бројот на млади луѓе во секоја општина кои учествуваа во анкетата се одреди соодветно на вкупниот број млади на возраст од 15–29 години во таа општина. Во рамки на примерокот пропорционално се применија критериумите на полова, етничка и возрасна стуктура, граѓански статус и застапеност на млади од рурални и урбани места во склоп на општините. На ваков начин се обезбеди максимална репрезентативност имајќи ги во предвид финансиите, достапноста на информации според бараните критериуми и достапноста на единиците во примерокот.

Табела 1: *Структура на примерокот за Штип*
(Вкупен број на испитаници: 97)

| **Воз-расна група** | **Пол** | | **Етничка припадност** | | | | | | | | **Место на живеење** | | **Степен на образование** | | | | | | | | **Работен статус** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **Македонец/ка** | **Албанец/ка** | **Тучин/ка** | **Ром/ка** | **Влав/Влаинка** | **Србин/ка** | **Бошњак/ка** | **Друго** | **Град** | **Село** | **Незавршено основно** | **Основно** | **Средно** | **Високо** | **Магистер** | **Доктор на науки** | **Ученик** | **Студент** | **Ученик/ Студент** | **Вработен** | **Невработен** |
| 15-19 | 18 | 15 | 29 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 26 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33 | 0 | 33 | 0 | 0 |
| 20-24 | 19 | 15 | 30 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 31 | 3 | 1 | 0 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 26 | 26 | 2 | 6 |
| 25-29 | 15 | 15 | 27 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 10 | 13 | 1 | 0 | 0 | 6 | 5 | 18 | 7 |
| **Вкуп-но:** | **52** | **45** | **86** | **0** | **5** | **3** | **3** | **0** | **0** | **0** | **87** | **10** | **1** | **0** | **16** | **14** | **1** | **0** | **33** | **32** | **64** | **20** | **13** |
| | **97** | | **97** | | | | | | | | **97** | | **97** | | | | | | | | **97** | | |

## 4. Анализа на наодите според приоритетни области

### 4.1 Култура и спорт

Повеќе од половината (60%) млади луѓе во Штип, своето слободно време најчесто го поминуваат со друштво по кафулиња и гледање телевизија. Спортските активности со 14% се втората опција со која младите го пополнуваат своето слободно време, додека 10% изјавиле дека во слободното време се занимаваат со културни активности. Подеднаков број на млади своето слободно време го поминуваат во ангажман во НВОи и

други активности како што се прошетки, музика, пред компјутер. Девојките во поголем број од машките го поминуваат слободното време во кафулиња и во гледање на телевизија, додека машките многу почесто своето слободно време го поминуваат во спортски активности.

**Каде најчесто го поминувате слободното време?**




Огромен број од испитаниците (70%) сметаат дека во градот постои доволен број на културни и спортски објекти. И дискусијата на фокус групата за потврда на наодите од анкетата покажа дека градот располага со солиден број на културни и спортски објекти кои се користат за различни намени. Останатите 30% од испитаниците кои сметаат дека нема доволно културни и спортски објекти, набројале дека на Штип му недостигаат кино, спортски игралишта и затворен базен. Од одговорите на прашањето за видовите на културни и спортски објекти во градот се гледа дека не сите млади се доволно информирани за тоа какви се објекти има во Штип. 23% од испитаниците сметаат дека во градот има театар, културен дом, отворени и затворени спортски објекти. Останатите избираат некои од овие објекти, но не и сите или пак сметаат дека во градот има и кино. Фокус групата за потврдување на наодите наведела 11 објекти кои се користат или може да се користат за културни и спортски активности.

Во најголем дел младите луѓе или 60% како што се гледа во табелата подолу сметаат дека постоечките објекти не се во најдобра состојба и дека можат да се подобрат за да можат да бидат корисни за младите. Тоа значи дека на постоечките објекти потребен им е некаков вид на реновирање, било од аспект на изведување градежни

зафати или подобрување на опременоста. Дури 16.5% од младите немале можност да посетат некој од објектите во претходниот период.

**Во каква состојба се објектите кои постојат во моментов?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Редовно се одржуваат и се користат | 12 | 12,4 |
| Има работи кои може да се подобрат | 58 | 59,8 |
| Руинирани се | 11 | 11,3 |
| Не знам, не сум ги посетил/а | 16 | 16,5 |
| **Вкупно** | **97** | **100,0** |

Од интервјуто со г-дин Митров, советник во Одделението за јавни служби при локалната самоуправа Штип во однос на потребата за реновирање на одредени објекти, е добиена информацијата дека најголем број од објектите се во државна сопственост. Единствено Дом на млади е објект во сопственост на општината и се очекува идната година да се реновира преку поставување на чадор во вредност од еден милион денари. Општината исто е сопственик и на спортската сала при Универзитетот Гоце Делчев, но со неа ќе раководи Универзитетот. Исто така, општината планира да го реновира градскиот стадион, заради влегувањето на ФК Брегалница во првата фудбалска лига.

Кога станува збор за културата и како младите ја разбираат истата, повеќе од една третина (35%) испитаниците сметаат дека таа претставува една лепеза од можности, како што е посета на кино, театар, културни манифестации, креативно изразување и секако квалитетно пополнување на слободното време. За 16.5% од испитаниците, културата значи можност да се посетуваат секаков вид на културни манифестации, додека за 14.5% од младите културата значи пополнување на слободното време и најголем дел од нив припаѓаат на возрасната група 15-19 години. Исто така најголем број од младите од руралните средини ја сфаќаат културата како начин да го пополнат своето слободно време.

**Како вие ја разбирате културата и култруниот живот?**




Имајќи вакво видување за културата и културниот живот, најголем дел од младите во Штип делумно се задоволни (63%) или воопшто не се задоволни (31%) од понудата на културни содржини во нивниот град. Само 6% од испитаниците изјавиле дека се задоволни од она што им се нуди како културна содржина. Според претставникот на општината г-дин Митров, смета дека сите културни манифестации кои ги организира локалната самоуправа се наменети и за младите. Според него младите не се вклучуваат во планирањето и спроведувањето на културните манифестации наменети за нив заради неиницијативност од страна на младите луѓе.

**Дали сте задоволни од понудените културни содржини за млади во вашата општина?**




Одговорот на незадоволството на младите може да се бара и во тоа што според 58% од испитаниците тие не се во можност да ги посетуваат објектите затоа што не работат. Младите на возраст од 25-29 години се најбројни во мислењето дека не можат да ги посетуваат објектите бидејќи не работат.

Покрај несоодветните услови кои постојат во објектите каде младите ќе можат да ги изразуваат своите креативни идеи, дополнителен фактор за незадоволство од понудените културни содржини е и незаинтересираноста на младите луѓе да го подобрат сопствениот културен живот.

**Колку младите во вашата општина се заинтересирани да го подобрат сопствениот културен живот?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Многу се заинтересирани | 13 | 13,4 |
| Делумно се заинтересирани | 52 | 53,6 |
| Воопшто не се заинтересирани | 32 | 33,0 |
| Тотал | 40 | 100,0 |

Според дискусијата на фокус групата за потврдување на наодите, незаинтересираноста на младите може да произлегува и од нивната неинформираност за

културните настани кои се организираат, како и недоволната нивна вклученост во креирањето на културата. Неинформираноста на младите како можна причина за непосетување на културни манифестации е идентификувана и од интервјуто со г-дин Митров од локалната самоуправа. Фокус групата идентификува две причини за недоволна информираност на младите за културните содржини во Штип – изборот на несоодветни медиуми за нивно информирање и пораките кои се упатуваат кон младите како целна група не се соодветни, бидејќи младите не се третираат како посебна целна група. Дополнителен фактор за незаинтересираноста на младите може да биде и немањето на финансиски средства за посета на културни содржини. Само 29% од испитаниците сметаат дека младите имаат пари да посетуваат културни содржини, додека 41% не знаат дали младите имаат пари. И фокус групата го потенцираше финансиското ограничување како една од причините за незаинтересираноста на младите да посетуваат културни настани.

Фокус групата исто така утврди дека младите немаат доволно можности да се вклучуваат во креирањето на културата и да ги реализираат своите креативни идеи. Според анкетата, најголема можност (38%) за изразување и исполнување на креативните идеи даваат социјалните мрежи.

По социјалните мрежи следуваат кругот на пријателите со 16.5%.

**Каде најчесто младите во вашата општина може да ги изразуваат и исполнуваат своите креативни идеи?**




Училиштата/факултетите за 15.5% од младите се местото каде тие најдобро може да ги изразуваат своите креативни идеи. Исто така 45% од испитаниците сметаат дека училиштата треба да им овозможат на младите континуирано изразување на креативните

идеи преку поттикнување на креативниот дух кај младите преку организирање настани за размена на идеите во училиштето, помеѓу училиштата и пошироко. Помала група на испитаници (30%) смета пак дека училиштето треба да го поттикнува изразувањето на креативните идеи кај младите преку организирање заеднички манифестации со други институции во општината па и од други општини.

Според 33% од младите, најчест организатор на културните манифестации во Штип се културните институции. По нив следуваат локалната самоуправа и училиштата. Само 6% од испитаниците сметаат дека неформалните младински групи се организатори на културни манифестации, додека за 11% тоа се НВОи.

Покрај тоа што локалната самоуправа организира културни манифестации, според испитаниците, таа треба и да ги направи подостапни овие манифестации до младите луѓе. За 60% од младите локалната самоуправа треба да обезбеди бесплатни влезници или попуст на цената на младите. Фокус групата за потврда на наодите го мисли истото како една од формите за надминување на финансиските ограничувања кои ги имаат младите за да посетуваат културни настани. Исто така фокус групата смета дека треба дел од буџетот на општината да биде наменет за користење од страна на младите луѓе. Една третина од испитаниците смета дека општината треба да поттикнува организирање на културни манифестации за млади бидејќи ги нема во Штип. Според информациите од претставникот на општината г-дин Митров, најголем дел од буџетот наменет за култура за оваа година ќе оди за поддршка на традиционалните манифестации – Макфест, Штипско културно лето.

Покрај ангажманот на образовните институции и на локалната самоуправа во подобрувањето на културниот живот на младите, тие исто така треба да се ангажираат за да ги подобрат условите за нивно креативно изразување. Ова е мислење на 84% од испитаниците. Од фокус групата произлезе идејата дека треба најнапред да се направи истражување меѓу младите за она што најмногу ги интересира и тоа да се земе во предвид при креирањето на годишните програми на културните институции, со што ќе им се даде можност на младите културно и креативно да се изразат.




47% од анкетираните сметаат дека младите треба да се вклучуваат активно во постоечките можности за културно изразување и да се застапуваат за што поголемо учество на другите млади, додека за 36% од анкетираните младите треба да се организираат преку своите организации (училишни, студентски, НВОи) и да побараат од надлежните институции да го прошират просторот и начините за културно издигнување на младите во сите сфери. Оние кои избрале дека младите не треба ништо да прават (15%) припаѓаат на возрасната група од 15-19 години.

Исто како што младите не се задоволни од состојбата во која се наоѓаат културните и спортските објекти, така 70% од испитаниците сметаат дека треба да се подобрат условите за занимавање со спорт во нивната општина. За разлика од културните објекти кои не работат и младите не можат да ги посетуваат кога сакаат, спортските објекти функционираат, но мислењата на младите се поделени. Сличен процент на испитаници – 41% мислат дека младите можат да ги посетуваат спортските објекти кога ќе посакаат, додека 44% сметаат дека можат да ги посетуваат кога сакаат само ако активно се занимаваат со спорт.

Сепак, пристапноста до спортските објекти не значи и заинтересираност на младите. Дури 76% од испитаниците сметаат дека младите делумно се заинтересирани да се занимаваат со спорт. На прашањето кој треба да ги поттикнува младите за да се занимаваат со спорт, 53% од анкетираните сметаат дека училиштата треба да ги активираат и поддржуваат училишните спортски клубови. Половина од испитаниците мислат дека младите треба да се сами свесни за придобивките од занимавање со спорт,

додека 44% сметаат дека спортските клубови треба преку организирани кампањи да ги привлекуваат младите да се занимаваат со спорт. Од дискусијата во рамките на фокус групата за потврда на наодите произлезе дека има повеќе причини за незаинтересираност на младите да се занимаваат со спорт. Капацитетот на спортските клубови за прием на нови членови може да биде ограничувачки фактор, како и економската моќ на родителите. Непостоењето на масовни спортови може да биде уште една причина за намалена заинтересираност за занимавање со спорт кај младите. Спортските клубови се најчести организатори на спортски активности. Надлежните институции според 33% од младите треба да се координираат за да ги подобрат условите за занимавање со спорт, а 32% мислат дека треба да формираат спортски клубови. Координацијата меѓу надлежните институции е најбитна за младите на возраст од 25-29 години.

Од друга страна, локалната самоуправа според 35% од младите треба да ги реновира и одржува постоечките спортски објект, по што следи финансиска поддршка на спортските клубови, и изработка на стратегија за развој на спортот.




Младите пак од своја страна треба поактивно да се занимаваат со спорт, според 41% од испитаниците и со тоа да ги поттикнат надлежните институции да ги подобрат условите за занимавање со спорт. Според анкетираните исто така е важно младите организирано преку своите здруженија да се застапуваат кај локалната самоуправа за да се подобрат условите за занимавање со спорт и за ова се залагаат 35% од младите луѓе. За

младите на возраст од 20-24 години најважно е младите да се едуцираат за важноста на спортот за здравиот живот и развојот на младите луѓе.

## 4.2 Девијантни појави

Според резултатите од анкетата, скоро подеднакво присутни девијантни појави меѓу младите во општина Штип се пушењето за кое се изјасниле 32% од испитаниците и злоупотребата на алкохол за која се изјасниле 31% од анкетираните. И од интервјуто со г-дин Коловски, директор на средното училиште Коле Нехтенин, пушењето е

**Која појава е најприсутна меѓу младите во вашата општина?**




најдоминантна појава забележлива кај средношколците. Според него училиштето досега немало проблеми со ученици кои злоупотребуваат алкохол, но реалната состојба е дека младите консумираат алкохол.

За 38% од испитаниците негрижата на општеството придонесува за ширењето на девијантни појави меѓу младите. Следна причина за која се определиле младите е лошата економска состојба за која се изјасниле 27% од анкетираните. Интересно е што лошата економска состојба котира толку високо на листата кога се знае дека за поголемиот дел од девијантните појави потребни се пари за истите да се практикуваат. 15% од анкетираните сметаат дека причина за ширење на девијантните појави е потрагата на младите за забава, љубопитноста, и влијанието на пријателите.

Според 73% од анкетираните надлежните институции не преземаат соодветни мерки и активности за намалување или спречување на девијантните појави. Во интервјуто со г-дин Коловски, тој истакна дека училиштето презема мерки како превентивни така и да помогне во справувањето со одреден проблем кој се јавува во рамките на своите можности, бидејќи сами обезбедуваат средства за тоа или се вклучуваат во проекти и иницијативи кои ги преземаат другите институции и организации. Според 35% од испитаниците полицијата најмногу реагира на ваквите појави, додека за 30% тоа е семејството. По овие две институции/форми следуваат образовните институции и медиумите. Според директорот Коловски, училиштето најчесто соработува со младинските невладини организации, СВР Штип и Центарот за социјална работа за преземање на превентивни активности. Само 3% од испитаниците мислат дека локалната самоуправа најчесто презема мерки и активности за спречување на ширењето на девијантните појави.

**Која од наведените институции/форми реагира најчесто за спречување или намалување на девијантните појави во вашата општина?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Семејството | 29 | 29,9 |
| Полицијата | 34 | 35,1 |
| Центрите за социјална работа | 3 | 3,1 |
| Културните установи | 4 | 4,1 |
| НВОи | 7 | 7,2 |
| Локалната самоуправа | 3 | 3,1 |
| Образовните институции | 9 | 9,3 |
| Медиумите | 8 | 8,2 |
| **Вкупно** | **97** | **100,0** |

На прашањето што е она што недостига во општината за да се намалат девијантните појави, 66% од испитаниците сметаат дека недостига едукација на младите. Немањето доволно можности за квалитетно користење на слободното време од страна на младите луѓе во општината е недостаток за 47% од анкетираните, додека 45% избрале дека недостига грижа на семејството. Според директорот Коловски планирано е да се воспостави средношколска лига на иницијатива на Советот на млади за активно занимавање на младите со спорт како превентивна активност за спречување на ширењето на девијантните појави. Исто така постојат заеднички активности на повеќе институции како што се училиштата, СВР и невладините организации кои спроведуваат превентивни кампањи за злоупотреба на дроги.

За 35% од анкетираните млади луѓе семејството треба да ги советува своите деца за опасностите и штетноста на девијантните појави, по што следуваат образовните институции (училиштата и факултетите) каде според 31% од испитаниците треба да бидат лоцирани превентивните активности за спречување на девијантните појави. Според г-дин

Коловски, училиштето се труди да ги активира учениците преку нивно вклучување во различни активности, настани и спортски ангажмани како превентивни мерки против ширење на девијантните појави.




Најголем дел од младите на возраст од 20-24 години сметаат дека најмногу превентивните активности треба да бидат лоцирани кај медиумите. Интересно е дека само 4% од младите мислат дека превентивните активности треба да бидат лоцирани во активностите на НВОи.

Сепак испитаниците сметаат дека локалната самоуправа може да придонесе во намалувањето на девијантните појави, иако не избрале во оваа институција да бидат лоцирани превентивните активности. 41% од анкетираните сметаат дека локалната самоуправа треба да поддржи формирање на центри кои ќе работат со млади подложни на девијантни појави. За 34% од анкетираните општината може да даде свој придонес со донесување и спроведување на план за борба против девијантните појави. Ваквите одговори покажуваат дека младите се информирани за улогата која треба да ја има локалната самоуправа во справувањето со проблемите на граѓаните во општината. 22% сметаат дека општината може да помогне преку поддршка на иницијативи на НВОи за борба против девијантни појави.




На прашањето како може општината да придонесе за намалување на девијантните појави, младите на возраст 15-19 години во многу поголема мера од останатите сметаат дека општината треба да донесе и спроведе план за борба против девијантните појави.

Од друга страна, запрашани што можат младите да направат за да ги избегнат девијантните појави, најголем дел од испитаниците (65%) сметаат дека младите треба да спортуваат, по кое следуваат користење на времето за дружење и културни активности, и наоѓање на хоби.

## *4*.3 Социјална заштита

Според резултатите од анкетата, младите луѓе сметаат дека има прилично голем број на маргинализирани млади луѓе во општината. 65% од сите анкетирани мислат дека нивниот број е над просекот од вкупната младина во општина Штип. Од интервјуто со г-ѓа Наталија Панова, директорка на Центарот за социјална работа-Штип (ЦСР) добиени се податоци дека центарот има во моментот повеќе од 800 предмети кои се однесуваат на лица од 0-26 години. Центарот не води посебна евиденција за поединечни возрасни групи.

**Според вас колкав е бројот на маргинализирани млади (сиромашни, со посебни потреби, Роми, млади од рурални средини) во вашата општина?**




Фокус групата за потврда на наодите дефинира дека како најизразени маргинализирани млади луѓе ќе ги сметаат Ромите, младите со посебни потреби и руралните млади. Според анкетираните, машките се повеќе маргинализирани од девојките и младите во руралните средини во многу поголема мера се маргинализирани во споредба со младите кои живеат во град. Во ЦСР не располагаат со податоци за карактеристиките на нивните корисници по пол и место на живеење. Од наодите на фокус групата се гледа дека руралните млади се многу поподложни да бидат маргинализирани, бидејќи освен нивната вклученост во образовниот процес, поради организираниот превоз тие немаат можност ниту имаат пристап до други услуги и активности кои ги имаат младите кои живеат во градот.

За 53% од испитаниците сиромаштијата на одредена категорија на луѓе во општината е главна причина за постоењето на оваа категорија на млади луѓе во општина Штип. Негрижата на општеството е главна причина за постоењето на маргинализирани млади луѓе за 19% од анкетираните.

**Која е главната причина за постоењето на маргинализираните млади луѓе во вашата општина?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Неразвиеноста на општината | 11 | 11,3 |
| Сиромаштијата на одредена категорија на граѓани во општината | 51 | 52,6 |
| Негрижата на општеството за младите луѓе | 18 | 18,6 |
| Негрижата на семејството | 8 | 8,2 |
| Необразованоста | 8 | 8,2 |
| Друго | 1 | 1,0 |
| **Вкупно** | **97** | **100,0** |

За младите во Штип, вклученоста во образовниот процес помага да се намали бројот на маргинализирани млади, но тука постојат и други фактори. Ова е мислењето на 71% од испитаниците. Според г-дин Коловски, училиштето во рамките на своите можности им помага на младите кои се нивни ученици и се труди тие редовно да го посетуваат училиштето.

Анкетата покажа дека 38% од младите сметаат дека образовните институции треба да најмногу да водат грижа за маргинализираните млади. Според г-дин Коловски тие како училиште се трудат со финансиски и не финансиски средства да ја помагаат оваа група на млади луѓе, но смета дека општината треба да биде координатор на активностите кои се реализираат од сите надлежни институции за да има најголема корист за младите кои се маргинализирани. Во најголем дел образовните институции им помагаат на оваа категорија млади луѓе преку обезбедување на стипендии е мислењето на 43%. Мотивацијата на семејствата да ги вклучат своите деца во образовниот процес е активност на образовните институции за 40% од анкетираните. Според 37% од младите, образовните институции не прават ништо за да им помогнат на оваа категорија. Резултатите од анкетата покажуваат дека 61% од испитаниците сметаат дека образовните институции треба да обезбедат дополнителна настава за оваа категорија на млади луѓе, додека според 68% од анкетираните образовните институции треба да побараат поддршка и помош од општината за вклучување на овие млади луѓе во образовниот процес.




За 30% од анкетираните, ЦСР треба да биде институцијата која најмногу се грижи за оваа категорија на млади. Според г-ѓа Панова ЦСР постојано помага на младите кои се нивни корисници и најголем дел од нивните активности се предвидени и во нивниот буџет. Центарот располага со дневен центар за деца со посебни потреби и дневен центар за третман од злоупотреба на droги. Според фокус групата, постојат доволен број на НВОи кои работат и им помагаат на младите Роми, а тука и општината е вклучена, но недостигаат НВОи кои работат со деца и млади со посебни потреби. Во образовните институции и во основното и во средното образование се работи со оваа категорија на млади, а и општината се вклучува со активности за подобрување на пристапот до институциите на оваа категорија млади луѓе. Сепак според анкетата, 58% од испитаниците сметаат дека во моментот општината не прави ништо за да им помогне на оваа категорија млади луѓе. Според 53% од анкетираните локалната самоуправа треба да ги координира сите надлежни институции во општината заеднички да испланираат и преземат активности за помош на младите од оваа категорија. Отворање на дневни центри за прифаќање на младите маргинализирани луѓе особено оние кои цел ден се на улица треба исто така да биде улога на општината според 50% од испитаниците.

Запрашани колку навистина институциите се заинтересирани да им помогнат на оваа категорија на млади луѓе, 63% од анкетираните изјавиле дека помагаат само на индивидуални случаи кога нивната приказна ќе излезе во медиумите, додека една четвртина сметаат дека не помагаат. Тоа може да значи дека и покрај тврдењата на надлежните дека помагаат тоа го прават неорганизирано, при што и влијанието за намалување на бројот на оваа категорија на млади луѓе е помалку успешно. Според г-ѓа Панова и г-дин Коловски тие редовно соработуваат со други институции и НВОи кои работат на спроведување активности со цел да им се помогне на оваа категорија млади

луѓе, но перцепцијата на младите за нивната помош е дека таа стигнува само до индивидуалци и не се занимава со причините заради кои не се намалува бројот на маргинализираните млади луѓе.

Мислењето на младите за бројот на НВОи кои работат со оваа категорија на млади во Штип се поделени. За 24% од испитаниците има НВОи само за одредени категории на маргинализирани групи, што е исто со мислењето на фокус групата. Младите на возраст 25-29 години во најголем број го имаат ова мислење. 22% од младите сметаат дека има многу мал број на НВОи кои за целна група ги имаат маргинализираните млади, додека 21% мислат дека ги има во доволен број, но прават многу малку за нивната целна група. Интересно, 20% не слушнале за постоење на такви НВОи, а најбројни меѓу нив се младите од возрасната група 15-19 години.

**Според вас дали има доволен број на НВОи во вашата општина на кои целна група им се маргинализираните млади луѓе?**



На прашањето какви конкретни активности преземаат НВОи кои работат со маргинализираните млади, 34% од испитаниците сметаат дека им помагаат на оваа категорија млади во совладување на наставниот материјал. Од друга страна 32% изјавиле дека НВОи организираат активности во кои ги вклучуваат овие млади, додека 30% сметаат дека НВОи прибираат средства од заедницата за да им помогнат на нивните корисници. Претставникот на ЦСР, г-ѓа Панова истакна дека центарот соработува со НВОи во реализација на активности кои имаат за цел да им помогнат на маргинализираните млади.

НВОи можат да им помогнат на оваа категорија на млади луѓе преку спроведување на кампањи за подигање на свеста во заедницата за да се вклучи во решавањето на проблемите на маргинализираните млади.

**Како НВОи кои работат со млади маргинализирани групи на луѓе можат да ја подобрат нивната состојба?**




Една третина од младите сметаат дека НВОи треба да побараат од општината да развие програма за поддршка на активности за намалување на бројот на млади кои припаѓаат. на оваа категорија.

Според мислењето на 37% од анкетираните младите луѓе од оваа категорија не прават ништо за да ја подобрат својата состојба и уште повеќе се изолираат. Во многу помал број – 20% испитаниците мислат дека бараат помош од локалната самоуправа, по што следува барање помош од образовните институции.

**Како младите луѓе кои припаѓаат на маргинализирани групи се ангажираат за да ја подобрат својата ситуација?**




## 5. Заклучоци и препораки

### 5.1 Култура и спорт

Во Општина Штип постојат доволен број на културни и спортски објекти кои може да понудат разновидна и богата содржина која би била од интерес на младите, но нивната состојба неопходно е да се подобри. Потребно е дел од објектите да се реновираат, особено оние кои се во сопственост на општината. Исто така постојат доволен број на културни манифестации кои се организираат, но проблемот може да биде во неинформираноста на младите, како и финансиските средства кои на младите им се потребни за да ги посетуваат овие манифестации. Незаинтересираноста на младите за посета на културни манифестации само ја надополнува нивната неинформираност за културната понуда во градот.

Резултатите од анкетата и од фокус групата покажаа дека младите немаат доволно можности да се вклучуваат во креирањето на културата и да ги изразуваат своите креативни идеи што би довело и до посоодветно користење на нивното слободно време наместо во гледање телевизија и седење по кафулиња. Наместо своите креативни идеи да ги изразуваат преку социјалните мрежи, младите може да придонесат за збогатување на културната понуда во градот.

Слична е ситуацијата и во областа на спортот. Младите немаат навика да се занимаваат со спорт и тука главната улога треба да ја имаат образовните институции преку активирање на училишните спортски клубови преку кои ќе ги поттикнуваат и мотивираат младите да се занимаваат со спорт. Масовните спортови не се многу застапени во Штип и овие училишни клубови би ја пополниле малку таа празнина. Голем дел од индивидуалните спортови не им се достапни на младите, бидејќи немаат доволно средства да набават опрема која им е потребна за да се занимаваат со таков вид на спорт.

*Култура и спорт – Препораки*

- Да се утврди кои културни и спортски објекти се во сопственост на општината и да се одберат приоритетни објекти на кои има треба реновирање или екипирање на годишно ниво
- При изработката на стратегијата да се земе во предвид како да се креираат активности преку кои ќе се зголеми информираноста на младите од една страна активно да се вклучат во креирањето на културата и од друга страна да посетуваат културни манифестации и настани; една од можностите е да се формира младински информативен центар кој ќе има проактивна улога во информирањето на младите преку поставување на огласни табли на места каде што младите се движат како што се училиштата, универзитетот; да се изработи веб календар или да се реактивира веќе постоечка веб страница на која ќе се огласуваат сите културни настани кои се случуваат
- Да се предвидат активности преку кои ќе се подигне нивото на културна комуникација кај младите – културни вредности, култура на однесување
- Да се предвидат активности преку кои ќе се истражува интересот на младите за видот на културните активности или настани во процесот на планирање на локалната самоуправа; советот на млади може да презема иницијативи за испитување на мислењето на младите по ова прашање и нивно вклучување во креирањето на културните настани како што е штипското културно лето
- Да се идентификуваат младинските организации во општината кои работат на полето на културата со цел да се зголеми нивната понуда преку вклучување на млади луѓе во планирањето и имплементацијата на таквите активности; да се изнајде начин институциите од областа на културата да вклучуваат млади луѓе во креирањето на нивните активности

- Да се промовира можноста и кај институциите и кај младите за нивно вклучување во планирањето и имплементацијата на културните настани како волонтери, користејќи ги формите кои се дефинирани во Законот за волонтерство
- Во буџетот на општината да се предвиди процент кој ќе биде наменет за млади и во кој ќе бидат вклучени и културни активности; може да се формира фонд за млади каде НВОи и неформалните групи ќе може да бараат средства за организирање на културни настани
- Младите (ученици, студенти) да добиваат попуст или бесплатни влезници за културни манифестации и настани кога се организирани од страна на општината; младинските иницијативи кои имаат за цел да ги едуцираат или анимираат младите од областа на културата да може да добиваат попуст за користење на простор или бесплатно да го добијат истиот како придонес на локалната самоуправа
- Да се поддржат и поттикнат образовните институции да ги активираат училишните спортски клубови за да се опфатат поголем број на млади
- Да се организираат кампањи за важноста на спортот за правилниот развој и здравјето на младите луѓе

**5.2 Девијантни појави**

Најзастапени девијантни појави во општина Штип се пушењето и злоупотребата на алкохол меѓу младата популација. Негрижата на општеството заедно со лошата економска состојба се најголемите причинители за ширењето на девијантните појави. Надлежните институции не прават доволно за превенција и намалување на овие појави, а полицијата е посочена како институција која најчесто реагира во спречување и намалување на ваквите појави. Тоа може да значи дека најчесто се третираат последиците од девијантните појави, но не и причините кои придонесуваат за нивно појавување.

Едукацијата на младите е најголем недостаток за превенција од појавата и ширењето на девијантните појави. Не се работи за недостаток на едукативни активности туку формата во која се изведуваат очигледно не дава позитивни резултати, како и возраста на младите кои се вклучуваат во едукацијата. Образовните институции треба да бидат јадро на превентивните активности заедно со семејствата.

*Девијантни појави – Препораки*

- Да се организираат едукативни работилници во форма која ќе биде поефективна од досегашната пракса; наместо досегашните предавања тоа да бидат интерактивни работилници со употреба на современата технологија –

видео материјали, индивидуални приказни; да се намали возрасната граница на младите кои следат вакви едукативни работилници
- Да се развие план со активности за борба против девијантните појави и да се координираат сите надлежни институции и НВОи кои работат со млади
- Поврзување на спортските активности со кампањи за штетноста од девијантните појави
- Формирање и поддршка на центри кои ќе работат со млади подложни на зависности од различен вид
- Вклучување на угостителските објекти во одредени активности и нивен придонес во борбата против девијантните појави

## *5.3* Социјална заштита

Голем дел од младите луѓе спаѓаат во групата на маргинализирани млади. Три групи на млади луѓе припаѓаат на групата најмаргинализирани – млади Роми, млади со посебни потреби и млади кои живеат во руралните средини. Сиромаштијата и негрижата на општеството се најголеми причинители за зголемување на бројот на маргинализирани млади. Образованието е само еден од факторите кои може да придонесат младите да се чувствуваат вклучени и прифатени од општеството.

Образовните институции треба најмногу да се грижат за оваа категорија на млади, но и локалната самоуправа има своја улога во намалувањето на бројот на оваа категорија млади луѓе преку создавање предуслови за нивно вклучување во секојдневните текови на општеството. Младите Роми се целна група на поголем број НВОи и Декадата за Роми овозможи поголема ангажираност за нивна инклузија. Сепак оваа категорија на млади сеуште се соочува со проблеми како што се питачење, зависности и невработеност. Исто така за сите групи на маргинализирани млади битна е нивната вклученост во редовните општествени текови а не како посебни групи, бидејќи тоа доведува дополнително до сегрегација и нивно исклучување.

НВОи работат само со одредена група на маргинализирани млади, така да некои групи како што се младите со посебни потреби се запоставени. Институциите или работат со индивидуални случаеви на маргинализирани млади, или самоиницијативно во рамките на своите можности преземаат активности кои немаат поголемо влијание во третирањето и решавањето на проблемите на овие млади луѓе. Младите луѓе кои се маргинализирани се немоќни и неорганизирани да преземат нешто за да ја подобрат својата ситуација и уште повеќе се изолираат.

*Социјална заштита – Препораки*
- Кампањи за подигање на свеста кај заедницата за нивно вклучување во решавањето на проблемите на маргинализираните млади луѓе
- Предвидување на активности за вклучување на маргинализираните луѓе, не креирање активности само за нив

- Отворање на дневни центри или поинакви форми каде ќе можат да се дружат маргинализираните млади луѓе со другите млади и каде ќе може да им помогнат во задоволување на одредени нивни потреби; НВОи може да ги водат ваквите центри
- Поголема координација меѓу сите надлежни институции и НВОи за идентификување и прифаќање на млади луѓе кои припаѓаат во оваа категорија, како и давање помош за нивно вклучување во тековите на општеството, посебно во образовниот процес
- Изнаоѓање начини за поголемо вклучување во различни видови на активности на младите од руралните средини; тоа може да бидат активности кои ќе се организираат во руралните средини

**Прилог 2**

**Анкетно истражување за потребите и проблемите на младите во Штип[7]**

Во рамки на активностите од проектот „Поттикнување на Локалната самоуправа на Општина Штип да се посвети на младинското прашање" инспириран од потребата за донесување на Младинска Локална Стратегија во Штип (процес што веќе беше започнат, но не и завршен...), Младинските организации ВОДА плус – Штип и Младински Клуб – Штип спроведоа анкетно истражување за приоритетните интереси и проблеми на младите од Штип во периодот јуни – август 2008.

Анкетниот прашалник е пополнет од 1340 млади (696 машки, 612 женски, 32 – не одговориле) на возраст од 13 – 32 години, од кои повеќето живеат во град – 1081, 187 во село, а 72 не одговориле.

1. Како одговор на прашањето „Ве молиме, размислете и оценете колку се младите во Штип среќни и задоволни од својот живот?", на скала од 1-10, испитаниците оцениле дека **младите се просечно задоволни од својот живот со средната оценка (5,5)**.

2. Испитаниците ги излистаа и **најголемите проблеми на младите во Штип**, кои при анализата се групирани и рангирани по приоритет според бројот на повторувања:

   **I – болестите на зависност**

   (1- алкохол; 2- дрога; 3- цигари; 4- зависност од Интернет)

[7] Овој краток извештај е доставен од страна на Младинската организација ВОДА плус – Штип за потребите на подготвување на ЛСМ

**II – делинквентно и асоцијално однесување меѓу младите**
(насилство – недоволна безбедност во вечерните часови, тепачки предизвикани од влијанието на алкохолот; дискриминација и поделеност меѓу младите – по основа на економска состојба и етничка припадност; проституција и сексуална злоупотреба/силувања; крадење; несовесно однесување – кршење, предизвикување проблеми...)
**III – финансиски проблеми и невработеност**
(немање доволно пари, низок стандард на живеење, невработеност, слаби можности за напредување...)
**IV – нема доволно и разноликост на можностите за вечерно излегување и забава**
(нема летна дискотека, нема сигурни и незагадени шеталишта, потребни се повеќе и од различен тип места за излегување...)
**V – слаби можности за спорт, рекреација и спортски активности**
(нема доволно спортски објекти и места за рекреирање; потребно е да се организираат повеќе спортски активности...)
**VI – проблеми во образованието**
(средно – слаба дисциплина и незаинтересираност на учениците, преоптовареност на учениците со наставните програми, никој не ги оценува професорите...; високо – високи школарини, потребен е нов студентски дом, избор на факултети; недостаток од неформално образование...)
**VII – слаби можности за акивизам/волонтирање и креативно изразување на младите**
(младите се незаинтересирани воопшто за активно вклучување во иницијативи и општокорисни активности; немотивирани и неинформирани млади; не постојат доволно младински НВО за решавање на проблемите на младите и мал е бројот на организации во кои младината може да учествува; недоволна инволвираност на младите во донесување на одлуки кои се однесуваат на нив...)
**VIII – емотивни и психолошки проблеми**
(љубовни проблеми, проблеми во комуникацијата, психолошки проблеми – слаба самодоверба, несигурност, стресови од различен карактер; преоптовареност со физичкиот изглед и материјалните добра)
**IX – кај младите недостига етичко и морално однесување, културна едукација**
**X – животна средина и јавни сервиси**
(недостаток од зелени површини – нема доволно паркови и зеленило; недоволна грижа и свест на младите за околината; загаденост; недоволна улична осветленост...)
**XI – семејни проблеми**

(слаба комуникација со родителите, разведени родители, семејно насилство, несоодветна грижа за децата и недостаток од време на родителите за да посветат внимание и да ги воспитуваат...)
**XII – нема доволно културно-уметнички манифестации**
**XIII – незадоволителни можности за мобилност на младите**
(нема можности за патување, затвореност)

Во рамки на истиот проект, беше организирана и забава за млади на отворено на која присуствуваа над 500 млади, дел од кои (253) ја искористија можноста за **симболично гласање по однос на прашањето дали сметаат дека на Општина Штип и' е потребно да се изработи и усвои Локална младинска стратегија. 246 млади гласале „ЗА", ниту еден глас „против" и 7 – „воздржани".**

Во исто време, во кутијата за коментари и препораки, неколку од учесниците оставиле свои мислења:

**Коментари и мислења**:
1. Јас мислам дека младите би требало да имаат подобра иднина.
2. Редно време беше некој да се посвети и на младите и да им се посвети дел од скапоценото време. Доста се тие пороци и доста се распростануваат. Само напред! Се' повеќе вакви журки!!!
3. Да престанат да слушаат турбо музика, да не се дрогираат, да ги слушаат родителите и послободно да се впуштаат во сексуални односи.
4. НО СМОКИНГ!
5. Да стават чадор на местото К'ртеке.
6. Повеќе вакви журки, навистина ни фалат.
7. Треба да се засадат повеќе дрвја за да биде чист воздухот.
8. Да има повеќе журки!!!
9. Да има повеќе забави во градот и да се донесат повеќе личности од естрадата; Поголем одзив да има, потребно е да се соопштува преку јавните медиуми и во училиштата.
10. Младост, иднина, успех – се' заедно се обединува и е остварување за една држава, општество. Едукацијата на младите и посветеноста на нив значи здрава и успешна генерација на млади – успех и среќа.

**Прилог 3**

**Истражување и утврдување на проблемите и недостатоците кои ја засегаат младата популација од градот (Фондација за развој на заедницата – ФРЛЗ)**[8]

[8] Овој краток извештај е доставен од страна на ФРЛЗ – Штип за потребите на подготвување на ЛСМ

Во рамки на активностите од проектот „Младите за отворено општество-Локални младински иницијативи”, ФРЛЗ спроведе истражување насочено кон утврдување на конкретните проблеми кои ја засегаат младата популација од Штип. Како општ заклучок од истражувањето е дека проблемите кои ги наведоа младите не се нешто ново туку постојат подолго време и намерно или не, не се решаваат.

Од посебно значење за младите се следните области:

I. **Екологијата и комуналната хигиена**

a. Неодржување и запуштеност на зелените површини во централното градско подрачје (Бриони, Безистен, Музеј)
b. Непостоење на зелени површини во останатите делови од градот (Сењак, 8-ми Ноември, Баби, Автокоманда )
c. Слаба хигиена во некои места од градот
d. Дивата населба пред месноста Мирјанина црква
e. Кучиња скитници

II. **Спорт и спортски клубови**

a. Непостоење на спортска сала и затворен базен
b. Запуштеност на спортски сали во рамките на училиштата (греење, хигиена, опременост)
c. Запуштеност на останатите спортски терени (градски стадион, стадион на суитлак)
d. Потреба од велоспиедски и трим патеки (кеј на Брегалница или Суитлак)
e. Потреба од подршка на спортските клубови од Локалната самоуправа и пред се’ од бизнис секторот

III. **Културно забавен живот**

a. Непостоење на организирани хоби клубови до секаков вид каде што младите би имале шанса продуктивно да го искористат своето слободно време
b. Домот на младите – Што се случува?
c. Летно кино Бриони – Што се случува?
d. Не постои квалитетна алтернатива на кафе-баровите како места на забава на младите
e. Местата за излегување не се генерациски поделени

IV. **Здравје и пороци**

a. Се’ почеста употреба на наркотички средства
b. Злоупотреба на алкохолот и цигарите како и непочитување на забраната за точење алкохол на малолетници
c. Потреба од поголема едукација за ХИВ и СТД

V. **Сиромаштија и невработеност**

a. Се’ поголемиот број на бездомници кои просат во централното градско подрачје

b. Потреба од згрижување на малолетните бездомници од ромска националност
c. Се' поизразено класно раслојување на населението кое резултира со групирање и кај младите

**VI. Партиципација во општествениот живот**

a. Непостоење или недоволно функционирање на младинскиот сектор во Штип
b. Слаба или речиси никаква партиципација на младинскиот сектор во функционирањето на Локалната самоуправа
c. Потреба од НВО сектор кој на младите ќе им понуди можност за активна општествена партиципација преку вклучувае во програми и проекти кои решаваат младински прашања
d. Партизација на младите

**Прилог 4**

**Листа на учесници во процесот на креирање на ЛСМ[9]**

| | ***Име*** | ***Презиме*** | ***Инстиуција/организација*** |
|---|---|---|---|
| ***1*** | Сузана | Николовска | Претседател на Совет на Општина Штип, член на КТ за ЛСМ |
| ***2*** | Галаба | Вереса | Совет на Општина Штип, член на КТ за ЛСМ |
| ***3*** | Бојан | Кереместевски | Совет на Општина Штип (и претседател на Совет на млади на Штип), член на КТ за ЛСМ |
| ***4*** | Александар | Арсовски | Локален економски развој – Општина Штип, член на КТ за ЛСМ, член на РГ за ЛСМ |
| ***5*** | Драгана | Митровиќ | Младински Клуб - Штип, член на КТ за ЛСМ, член на РГ за ЛСМ, фацилитатор на процесот на креирање на ЛСМ |
| ***6*** | Соња | Иванова | Локална Самоуправа, член на РГ за ЛСМ |
| ***7*** | Сања | Мијалкова | Локална Самоуправа, член на РГ за ЛСМ |

[9] Во листата се вклучени и имињата на лицата и институциите кои учествуваа во сите активности поврзани со процесот на креирање на ЛСМ, вклучително и листи на учесници од претходниот, а незавршен процес (2008 – 2009 год) со оглед на тоа дека и таа работа и препораки се потврдени и инкорпорирани во овој документ.

| | *Име* | *Презиме* | *Инстиуција/организација* |
|---|---|---|---|
| ***8*** | Кире | Андонов | М.О. ВОДА плус - Штип, член на РГ за ЛСМ |
| ***9*** | Душан | Миланов | УГД - Штип, Центар за кариера, член на РГ за ЛСМ |
| ***10*** | Трајче | Здравков | Студентски парламент на УГД - Штип, член на РГ за ЛСМ |
| ***11*** | Гоце | Коцевски | ФРЛЗ - Штип, член на РГ за ЛСМ |
| ***12*** | Ерол | Адемов | Општина Штип, Здружение на мултиетничко општество за човекови права, член на РГ за ЛСМ |
| ***13*** | Божидар | Андонов | Младински Клуб - Штип, член на РГ за ЛСМ |
| ***14*** | Наталија | Панова | ЈУ МЦСР - Штип |
| ***15*** | Викторија | Папарова | Центар за социјална работа - Штип, Младински Клуб - Штип |
| ***16*** | Валентина | Дрмова | Агенција за вработување |
| ***17*** | Снежана | Маролова | Агенција за вработување |
| ***18*** | Снежана | Голомеова | НУ Библиотека „Гоце Делчев" |
| ***19*** | Валентина | В. Везенкова | ЈЗУ Здравствен дом |
| ***20*** | Елена | Георгиевска | Совет на млади - Штип |
| ***21*** | Даниел | Јовевски | Совет на млади - Штип |
| ***22*** | Михаил | Горгиев | Совет на млади - Штип |
| ***23*** | | | |
| ***24*** | Добринка | Петрова | Локална самоуправа |
| ***25*** | Весна | Стаменова | Општина Штип |
| ***26*** | Марина | Митревска | Општина Штип |
| ***27*** | Лазар | Соколовски | Општина Штип |
| ***28*** | Сунчица | Ѓуфтеска | Општина Штип |
| ***29*** | Кирил | Панајотов | Општина Штип |
| ***30*** | Снежана | Санева | Општина Штип |
| ***31*** | Илија | Митров | Општина Штип |
| ***32*** | Маријана | Трајкова | Општина Штип |
| ***33*** | Дејан | Василев | Општина Штип |
| ***34*** | Сашко | Николов | Општина Штип |
| ***35*** | Ване | Маневски | Општина Штип |
| ***36*** | Вишна | Шорова Ангелова | Фондација ЛЕР - ИТ |

| | Име | Презиме | Инстиуција/организација |
|---|---|---|---|
| **37** | Билјана | Тунева | Фондација ЛЕР - ИТ |
| **38** | Никола | Мицевски | ЛЕР |
| **39** | Тоше | Горгиевски | ЛЕР |
| **40** | Иван | Варадиновски | ЛЕР |
| **41** | Славица | Величковска | Радио Штип |
| **42** | Симона | Јованова | ТВ „Ирис” |
| **43** | Горан | Наковски | ТВ „Ирис” |
| **44** | Александар | Николов | ЦРИПР |
| **45** | Дарко | Димитров | ЦРИПР |
| **46** | Борјан | Ѓоргиев | УГД - Штип |
| **47** | Горан | Миладинов | УГД - Штип |
| **48** | Татјана | Кокотова | СОУ „Славчо Стојменски” |
| **49** | Деспина | Ристова | СОУ „Славчо Стојменски” |
| **50** | Стефан | Ташков | СОУ „Славчо Стојменски” |
| **51** | Александра | Михаилова | СОУ „Славчо Стојменски” |
| **52** | Маријана | Антолович | СОУ „Славчо Стојменски” |
| **53** | Соња | Јордева | СОУ „Димитар Мирасчиев” |
| **54** | Ивана | Илиева | СОУ „Димитар Мирасчиев” |
| **55** | Томе | Коловски | СОУ „Коле Нехтенин” |
| **56** | Драгана | Басарова | СОУ „Коле Нехтенин” |
| **57** | Никола | Павловиќ | СОУ „Коле Нехтенин” |
| **58** | Ангел | Пејев | СОУ „Коле Нехтенин” |
| **59** | Белма | Асанова | СОУ „Јане Сандански” |
| **60** | Благица | Манева | СОУ „Јане Сандански” |
| **61** | Сања | Тренчева | СОУ „Јане Сандански” |
| **62** | Хадис | Арсланов | СОУ „Јане Сандански”, КТ на Форум на млади 2010 |
| **63** | Ристе | Калошов | ДМУЦ „Сергеј Михајлов” |
| **64** | Горан | Личнов | ДМУЦ „Сергеј Михајлов” |
| **65** | Мартин | Ѓуров | ДМУЦ „Сергеј Михајлов” |
| **66** | Стефанија | Стрмбова | ДМУЦ „Сергеј Михајлов” |
| **67** | Елена | Камчева | ОУ „Димитар Влахов” |
| **68** | Љупчо | Мирчевски | ООУ „Гоце Делчев” |
| **69** | Денис | Адемов | Здружение на мултиетничко општество за човекови права |
| **70** | Денис | Ампев | Младински Клуб - Штип |
| **71** | Габриела | Антониевска | Младински Клуб - Штип |
| **72** | Симона | Јорданова | Младински Клуб - Штип |

| | *Име* | *Презиме* | *Инстиуцијa/организација* |
|---|---|---|---|
| *73* | Миланчо | Смилев | Младински Клуб - Штип |
| *74* | Благица | Митева | Младински Клуб - Штип |
| *75* | Зоран | Иванов | ФРЛЗ - Штип |
| *76* | Мариана | Ангелова | ФРЛЗ - Штип |
| *77* | Деспина | Донева | ФРЛЗ - ЛМИ Актив |
| *78* | Иван | Кантарџиски | ФРЛЗ |
| *79* | Вероника | Младенова | ФРЛЗ |
| *80* | Дарко | Милев | ФРЛЗ |
| *81* | Дарко | Стојанов | ППЦ - Штип |
| *82* | Горан | Стаменков | КТ на Форум на млади 2010 |
| *83* | Симона | Митрова | ВОДА плус - Штип |
| *84* | Иван | Мајсторски | ВОДА плус - Штип |
| *85* | Аљоша | Сребреновски | ВОДА плус - Штип |
| *86* | Ана | Миланова | ВОДА плус - Штип |
| *87* | Стојанка | Митева | ВОДА плус - Штип |
| *88* | Бенџамин | Рашидовски | ВОДА плус - Штип |
| *89* | Сашко | Жежов | ВОДА плус - Штип |
| *90* | Горан | Даскалов | стопанственик |
| *91* | Наташа | Доргут | д-р стоматолог |
| *92* | Маја | Арсова | дефектолог |
| *93* | Кристина | Сандева | професор |
| *94* | Дарко | Пеев | економист |
| *95* | Стевче | Митев | |
| *96* | Марија | Манева | |
| *97* | Бојана | Панева | |
| *98* | Наталија | Јованова | |
| *99* | Диме | Трајанов | |
| *100* | Васил | Манчев | |
| *101* | Кристина | Георгиева | |
| *102* | Марија | Михајлова | |
| *103* | Владимир | Спасов | |
| *104* | Адријана | Кукушова | |
| *105* | Елена | Цекова | |
| *106* | Тања | Глигорова | |
| *107* | Вања | Христова Серафимова | |
| *108* | Вања | Џамбазова | |
| *109* | Радмила | Јовановиќ | |

| | *Име* | *Презиме* | *Инстиуција/организација* |
|---|---|---|---|
| ***110*** | Стевчо | Николовски | |
| ***111*** | Благоја | Здравев | |
| ***112*** | Саше | Ивановски | |
| ***113*** | Лидија | Митева | |
| ***114*** | Гордана | Лазарова | |
| ***115*** | Билјана | Томова | |
| ***116*** | Дејан | Арсов | |
| ***117*** | Весна | Милановска | |
| ***118*** | Александра | Стојанова | |
| ***.... И многу други млади и претставници од различни институции и организации...*** | | | |

174.

Врз основа на членовите 10, 81 и 81-б од Законот за државни службеници (пречистен текст) („Службен весник на РМ" број 76/10), член 36 став 1 алинеја 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09 и 16/09), градоначалникот на Општина Штип на **28 април 2011 година** донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СЕКРЕТАРОТ
НА ОПШТИНА ШТИП

Државниот службеник **Кирил Фичорски**, дипломиран правник, секретар на Општина Штип се разрешува од функцијата секретар на Општина Штип, сметано од **29 април 2011 година**.

Решението влегува во сила од 29 април 2011 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

О б р а з л о ж е н и е

Државниот службеник Кирил Фичорски распореден на работи и работни задачи секретар на Општина Штип согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување ги исполнува условите за пензија.

Врз основа на горе утврденото се донесе решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**

Незадоволниот државен службеник од ова решение, има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото преку градоначалникот на општината до Агенцијата за администрација-Скопје.

Број 08-3084/1
28 април 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

175.

Врз основа на член 72 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), градоначалникот на Општина Штип, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА ВТОРОСТЕПЕНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ
ПРОТИВ РЕШЕНИЈАТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ПАТИШТА
НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се формира второстепената комисија за одлучување по жалби против решенијата на овластениот инспектор за патишта на Општина Штип.

Член 2

За претседател и членови на второстепената комисија за одлучување по жалби против решенијата на овластениот инспектор за патишта на Општина Штип **се именуваат**:

1. **Вера Панева**, претседател на комисијата
2. **Соња Китанова**, член на комисијата
3. **Павле Радојев**, член на комисијата

Член 3

Комисијата е надлежна да одлучува по жалбите против решенијата на овластениот инспектор за патишта на Општина Штип.

Комисијата одлуката по жалбата треба да ја донесе во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 4

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3205/1 — Општина Штип
5 мај 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

176.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 45 став 3 од Законот за установи („Службен весник на РМ” број 32/05) и член 36 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), градоначалникот на Општина Штип донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за распишување на јавен конкурс за избор на директор

1. Се распишува јавен конкурс за избор на директор на Општинска установа за култура Дом на млади Штип.

2. Јавниот конкурс ќе се објави во дневниот печат „Нова Македонија“ и дневниот печат „Лајме”.

3. Решението влегува во сила веднаш по донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-3398/1 — Општина Штип
11 мај 2011 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

177.

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на РМ“ број 08/05, 150/07 и 35/11) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07,11/08,07/09, 16/09 и 04/11), градоначалникот на Општина Штип, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА НЕДВИЖНА СТВАР
„ГРАДСКИ БАЗЕН“ ВО ШТИП

1. **Се дава** во закуп недвижна ствар - „Градски базен“ во Штип вклучувајќи го угостителскиот објект (кафе-бар). „Градскиот базен“ се наоѓа на место викано „Дерман Чифлик“ на КП број 1411, со површина од 15.846м$^2$, а угостителскиот објект (кафе-бар) се наоѓа на истата катастарска парцела со површина од 280м$^2$.
2. Недвижната ствар од точка 1 на ова решение ќе се даде во закуп по пат на јавно наддавање.
3. Почетната цена за јавното наддавање изнесува 60 денари/вкупна закупнина за 3 месеци.
4. Јавното наддавање ќе го спроведе комисија во состав:

- Елена Арсова-претседател
- Маре Каранакова-член
- Силвана Николова-член
- Никола Илиев-заменик претседател
- Билјана Тунева-заменик член
- Сашко Николов-заменик член

5. Комисијата од точка 4 на ова решение ќе изготви Извештај за извршеното јавно наддавање со предлог за најповолен понудувач.
6. Договорот за закуп со најповолниот понудувач во име на Општина Штип ќе го склучи градоначалникот на Општина Штип.
7. Решението влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-3655/1
23 мај 2011 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 150. | Решение за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2011 година | 192/7 |
| 151. | Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2011 година | 192/7 |
| 152. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општина Штип за 2011 година | 193/7 |
| 153. | Програма за измена и дополнување на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во Општина Штип за 2011 година | 194/7 |
| 154. | Решение за објавување на Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2011 година | 195/7 |
| 155. | Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2011 година | 195/7 |
| 156. | Решение за објавување на Одлука за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат на град Штип и населените места во Општина Штип со локална урбанистичка планска документација (Три Чешми) | 196/7 |
| 157. | Одлука за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат на град Штип и населените места во Општина Штип со локална урбанистичка планска документација (Три Чешми) | 197/7 |
| 158. | Решение за објавување на Одлука за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот опфат на град Штип и населените места во Општина Штип со локална урбанистичка планска документација (Степанци-Суво Грло) | 197/7 |
| 159. | Одлука за уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон планскиот | 198/7 |

| | | |
|---|---|---|
| | опфат на град Штип и населените места во Општина Штип со локална урбанистичка планска документација (Степанци-Суво Грло) | |
| 160. | Решение за објавување на Програма за Штипско културно лето 2011 година | 199/7 |
| 161. | Заклучок за донесување на Програма за Штипско културно лето 2011 година | 199/7 |
| 162. | Програма за Штипско културно лето 2011 година | 200/7 |
| 163. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на местата на кои можат да се истакнуваат изборни плакати | 202/7 |
| 164. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на местата на кои можат да се истакнуваат изборни плакати | 202/7 |
| 165. | Решение за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за определување членови на Советот на Општина Штип кои ќе присуствуваат при склучување на бракови | 204/7 |
| 166. | Одлука за изменување на Одлуката за определување членови на Советот на Општина Штип кои ќе присуствуваат при склучување на бракови | 205/7 |
| 167. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на Дом на млади за 2010 година | 205/7 |
| 168. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на Дом на млади за 2010 година | 206/7 |
| 169. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за потрошени средства од буџетот на Општина Штип за реализација на 25-тото издание на фестивалот „Макфест 2010“ | 207/7 |
| 170. | Заклучок за усвојување на Извештај за потрошени средства од буџетот на Општина Штип за реализација на 25-тото издание на фестивалот „Макфест 2010“ | 207/7 |
| 171. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Локална стратегија за млади на Општина Штип за 2011-2015 година со Акционен план за 2011 година | 208/7 |
| 172. | Заклучок за донесување на Локална стратегија за млади на Општина Штип за 2011-2015 година со Акционен план за 2011 година | 209/7 |
| 173. | Локална стратегија за млади на Општина Штип за 2011-2015 година со Акционен план за 2011 година | 209/7 |

| | | |
|---|---|---|
| 174. | Решение за разрешување на секретарот на Општина Штип | 277/7 |
| 175. | Решение за формирање и именување претседател и членови на второстепена Комисија за одлучување по жалби против решенијата на овластениот инспектор за патишта на Општина Штип | 278/7 |
| 176. | Решение за распишување на јавен конкурс за избор на директор | 279/7 |
| 177. | Решение за спроведување постапка со јавно наддавање за давање во закуп на недвижна ствар „Градски базен“ во Штип | 280/7 |